# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 мај 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Весна Борозан, Благородна Мингова - Крепиева, Есад Рахиќ, Аднан Јашари, Марија Којзаклиска, Драго Шајновски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Невзат Бејта, Соња Лепиткова и Лилјана Ивановска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница на Собранието.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлужува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот и члековите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Тринаесеттата, Четиринаесеттата, Шеснаесет- тата и Седумнаесеттата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од Тринаесеттата, Четирина-есеттата, Шеснаесеттата и Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Пратеникот Спиро Мавровски предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за состојбите во АД “Елекстростопанство на Македонија”, во врска со најавата за отпуштање на 1100 вработени.

Материјалот Ви е доставен.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Има збор господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ви се обраќам со надеж дека заедно со Вас ќе изнајдеме начин да заштитиме една група на вработени и нивните семејства, кои својата среќа да се вработат ја оствариле токму во периодот на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, а нивните политички определби се само нивни и загарантирани со Уставот на Република Македонија. Се надевам дека со изложените факти во самиот извештај ќе ме убедат да му дадам за право. Но гледајќи ги фактите, очигледно е дека немате право. Дали СДСМ конечно ќе се откаже од единствениот и константен принцип да се менуваат принципите во зависност од ситуацијата.

Бевме сведоци дека коалицијата на СДСМ ги убедуваше граѓаните дека ќе вработи по еден човек од семејство, дека “Елекстростопанство на Македонија” е национално благо, не смее да се продава и да се заштитат вработените. Но сега е спротивното и уште почудно, започната е таа чистка во “Елекстростопанство на Македонија” без никаква оправдана причина.

Одлуката за прогласување технолошки вишок во “Елекстростопанство на Македонија” на начин објавен на огласните табли на претпријатието сигурно ја имаат донесено аматери или тешки политички деликвенти, не водејќи сметка за ништо друго, освен за целосна дисквалификација на претходното раководство, со отпуштање од работа на се она што е примено во последниве години.

Не станува збор за заштеди клучни за опстојувањето на претпријатието. Во тоа можат да го убедуваат само неупатениот народ. Вистината е дека доходот на отпуштените работници учествува со околу 1-2% од трошоците на претпријатието, а вистинските проблеми се маргинализираат заради силната желба за партиски реваншизам кон оние кои успеале да обезбедат нови вработувања. Без никаква анализа за потребите на подружниците, предложени се за отпуштање високообразовни кадри, технички лица и квалитетни работници.

Би се задржал на анализата во која се кажува дека на 31.12.1998 година “Елекстростопанство на Македонија” има 7945 вработени и дека тоа е идеална бројка. Во меѓувреме биле примени 2127 луѓе, но според бројките кои ги имате кај вас, од примањата по годините, ќе дојдеме до една бројка од 1541 работник.

Прашање е што со тие 586 прекубројни, дали се ова нововработени после ноември месец 2002 година или е техничка грешка во анализата. Од моменталната бројка да се отпуштат 1100 вработени и чудо невидено, од нив 117 со високо образование, 47 со више, 437 со средно, 217 со средно образование ИИИ степен, 59 полуквалификувани и 39 неквалификувани работници. Гледајќи ја структурата на оние што се непродуктивно вработени, ќе стигнеме до нешто што е фрапантно, на "Елекстростопанство на Македонија" да не му треба сила од 42 електроинженери, 19 машински, 16 економисти, 7 технолози, 3 сообраќајни инженери, 2 геодетски, 2 хемиски, 1 рударско-геолошки, 140 електротехничари, 74 машински техничари и да не ги набројувам другите бравари, електричари, електромонтери, рудари, ракувачи и се друго кое претставува во моментот технолошки вишок.

Сите овие работници се примани по постојната систематизација на слободни работни места, а во меѓувреме многу од нив поминале обука е сега се оспособени за работа на своите работни места. Дека воопшто не е потребо да се прогласува технолошки вишок, би образложил со неколку едноставни примери и би се видело дека "Елекстростопанство на Македонија" има потреба од нови вработувања.

Во Извештајот изработен од странски консултант стои дека не е констатирана превработеност, со тоа што бројот на вработените е малку поголем од оние стручни капацитети во Западна Европа, но приближен на бројот на вработени во вакви капацитети во Југоисточна Европа, но со таа разлика што во РЕК "Битола" вработените од електро и машинската струка ги изведуваат ремонтите самите за себе, а не од надворешни фирми. Значи се заштедува многу повеќе од оние што треба да бидат вработени. Истото се однесува и за хидроелектраните, дека не постои превработеност со сегашната технологија. Значи, во догледно време не е предвидено далечинско управување, за кое се неопходни дополнителни инвестиции кои во моментот не се предвидени.

Тоа што во моментот има 1000 вработени само во РЕК "Битола" со договор за дело од други фирми, кои се непосредно вклучени во процесот на производство и кои го оптоваруваат комбинатот со 3 пати поголеми средства отколку овие 1100 директно вработени во "Елекстростопанство на Македонија". Да се земат примерите во Електродистрибуција - Скопје, каде што имаме 15 луѓе кои одржуваат околу 1500 трафостаници, овие се во екипи од по 3 луѓе, секој од нив треба да провери повеќе од 900 објекти. Тоа е и практично неизводливо, значи вработените во текот на зимскиот период работат и на интервенции на дефекти, значи имаме

уште поголем број и повторно се потребни нови вработувања. Истото е со контролата на броилата, а тие се околу 200 илјади само во Скопје, тоа го прават 10 луѓе, односно тоа се 5 екипи по двајца. Тие најмногу можат да контролираат околу 10 илјади, но во случајот треба да контролираат 40 илјади. Тука имаме директна загуба од 20%.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски, ако сакате само да ме сослушате. Вие имате збор да ја образложите итната потреба точката да биде на дневен ред, зошто е итна, а образложение ќе дадете кога ќе биде на дневен ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека тоа го кажував, господине претседателе, затоа што 1100 вработени ќе останат без работа и мислам дека не треба така бегло да преминуваме преку ова, кога веќе со самото објаснување и ова што ќе Ви го понудам како технички податок, не сакам никој овде да гласа за нешто што нема да го разбере. Јас сакам да зборувам за факти, што се вистинити, а вистината е една. Мислам дека настојувам колегите да не ги донесам во ситуација самите да не знаат зошто оваа точка би била итна, а итноста е многу едноставна, 1100 луѓе веќе се поставени да бидат исклучени од работа. Нашето и моето лично објаснување можам да го дадам, затоа што најмногу во Извештајот се води грижа за една ситуација каде што е материјалниот момент...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Вред, продолжете. Материјалот што го читате е поделен на пратениците, но треба да образложите зошто треба итно да се расправа.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ова што го говорам не е поделено, ова е нешто со кое ќе помогнам да ги образложам фактите во извештајот.

Еве, би се задржал сега на основното во Извештајот, а тоа е финансискиот аспект на она што значи одлука за отпуштање. Наведената анализа е целосно неприфатлива, затоа што поаѓа од една голема невистина. Изготвувачот компарира две некомпаративни категории - отворена наплата на електрична енергија од 13 милијарди, со вкупни расходи од износ од 16 милијарди, во текот на

работењето во 2002 година. Но ако видиме дека на Завршната сметка од страна на Управниот одбор од “Елекстростопанство на Македонија” во 2003 година, февруари месец, се покажува дека е остварена минимална добивка од 4.800,000,000 денари. Ова покажува дека оваа појдовна анализа не држи и како таква е невалидна. Светските стандарди даваат податоци дека платите на вработените во една фирма треба да изнесуваат не повеќе од 25% во однос на сите расходи. Во моментот, платите на сите вработени во “Елекстростопанство на Македонија” изнесуваат 9%, а со отпуштање од работа на овие 1100 вработени вкупната заштеда не би изнесувала повеќе од 1%. Значи, менаџерскиот тим е премногу несириозен. Онаму каде што мислам дека оние финансиски средства можат да се обезбедат, јас би му помогнал со 3 позиции, и тоа првата, увоз на електричната енергија, кој покрај благата зима, и покрај огромниот доток во хидроелектраните, е зголемен за 365 ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Мавровски, дозволете, сепак јас претседавам со седницата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас имам уште 2 минути, господине претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дозволете, кога ќе ве прекинам, да ви кажам зошто јас барам да ви соопштам нешто. Вие, кога ќе ви кажам г. Мавровски, продолжувате рафално уште повеќе да зборувате. Сослушајте ме што ви кажувам.

Мојa проценка е дека не образлагате итност, туку давате образложение на точката на дневен ред и Ве повикувам да се задржите на итноста. Ако ве прекинам повторно, ќе Ви го одземам зборот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, тогаш имам да кажам на крајот, бидејќи не ги докажав сите факти, тука се загубите во мрежи од 1000 гигават саати кои се од 35 милиони долари, тука е ДДВ кој така широкоградо е прифатен со околу 21 милион евра и сето тоа обезбедува плата за овие работници во наредните 8 години. Тоа е доволен факт овие луѓе да не бидат избркани од работа.

На крајот, сите колеги поради вашето правило, како претседател да имате можност да ме прекинувате повеќе пати, би се задржал на едно правило на праведноста: не прави им го на другите она што не сакаш да ти го прават тебе.

На крајот колегите ги повикувам, после сите овие факти, мислам дека треба да бидеме доблесни, да се оправдаме пред граѓаните на Република

Македонија, да формираме една Анкетна комисија која ќе ги разгледа сите овие факти и ако е потребно, да направи реални критериуми, по кои сите ќе се владееме. Во спротивно, предлагам, додека истата не ја формираме, да се стопираат сите активности околу отпуштањето од работа и овие притисоци што деновиве се вршат во однос на синдикатот. Јас мислам дека никој не смее “Елекстростопанство на Македонија” да го смета како приватна компанија за тој што е моментално на власт да ја чувствува како таква, затоа што секогаш во “Елекстростопанство на Македонија” имало превработеност, претходната власт имаше доблест да ги задржи сите тие вработени на своите работни места.

Господин претседателе, и покрај вашите прекинувања, благодарам што ми дадовте да завршам. Ако има потреба, фактите ќе се образложат уште подобро, бидејќи пред пратениците е само Извештајот на “Елекстростопанство на Македонија”, а по точката би имал да кажам многу повеќе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Спиро Мавровски Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 87 пратеници, за гласале 27.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Спиро Мавровски не е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

**Дневе ред:**

1. Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари по повод 100 години од Илинденското востание, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговијата, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк “Шар Планина”, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за земјоделска инспекција, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото;

11. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Има збор г. Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани министри на Владата,

Со голема загриженост денес сакам како дополнување на дневниот ред да ставиме точка, заради итноста, за драматичната ситуација на границата на Меџитлија во врска со бегалците од Косово. Сметам дека би било коректно денес пратениците на ова Собрание како законодавен дом да расправаат во врска со Заклучоците на Владата од завчерашната седница за проблемот со Ромите на Меџитлија.

По тој основ барам на дневен ред да се стави точката како информација од страна на Владата на Република Македонија во врска со донесениот Заклучок, а по тоа и да се отвори расправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За барањето на г. Мустафа во име на Владата кој ќе се изјасни, иако морам да констатирам дека согласно Деловникот немаме информација која можеме да ја уврстиме. Меѓутоа, Вие барате информација, Владата дали има да достави за оваа седница.

Има збор г. Хари Костов во име на Владата.

ХАРИ КОСТОВ:

Владата во понеделникот расправаше за ова прашање и утврди свои ставови и заклучоци, кои беа презентирани во јавноста. Мислам дека можеме да прифатиме, меѓутоа веројатно ќе биде подоцна, да се изработи информацијата и да се достави до Собранието.

За ставовите на Владата имавте можност да видите во јавноста, меѓутоа накратко би го кажал следното.

Овој проблем беше предмет на работа во три надлежни министерства и тоа Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи. Очигледно е дека вакви непријатни слики кои беа презентирани во јавноста не се посакувани, меѓутоа, не би требала Македонија и министерствата да бидат прогласувани за виновни за таквите сцени. Фактички, информацијата и ставовите на Владата беа резултат и на состанокот со сите надлежни меѓународни институции, почнувајќи од УНХЦР, Европската унија, ОБСЕ итн, и како резултат на перманентното дневно присуство таму како на претставниците на министерствата, така и на меѓународната заедница. Меѓутоа, накратко би кажал само кои беа ставовите на Владата. Факт е дека..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Костовски, само кажете дали Владата прифаќа точка на дневен ред да изготви и достави или не. Ако прифатите, ќе гласаме дали пратениците се согласуваат и да не прифатите…

ХАРИ КОСТОВ:

Господине претседателе, Вие го утврдивте дневниот ред за денес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не, уште го утврдуваме, во постапка сме на утврдување.

ХАРИ КОСТОВ:

Министерството, односно Владата може да подготви информација и да ја достави, меѓутоа, за наредната седница или имајќи предвид како се движат работите, да биде доцна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Значи, Владата прифаќа да изготви информација и да ја достави до Собранието. Дали ќе биде на дневен ред ќе одлучиме во моментот кога ќе дојде информацијата.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван претседателе, поради итноста, јас сметам дека имаме доволно простор денес како последна точка на дневен ред да се расправа по мојот предлог. Сметам дека тоа би било сериозен и голем интерес, од значаен интерес за законодавниот дом на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Владата прифати да изготви информација и да ја достави за наредната седница. Со оглед дека немаме писмен материјал, јас не можам да ставам ниту на изјаснување точка што ја немаме. Кога ќе ја добиеме точката на дневен ред можеме да ја уврстиме.

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата и колеги,

Непосредно пред почетокот на седницата го добив Мислењето на Владата во врска со предлогот да се расправа по точката од дневниот ред, односно Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк “Шар Планина”. Благодарен сум на Владта што ја поддржа иницијативата за прогласување на овој дел од природат како заштитено природно наследство, но исто така сакам и јавноста да биде запозната дека оваа иницијатива веќе е во собраниска процедура, во септември месец ќе се донесе новиот рамковен закон за заштита на природата.

Од тие причини, се предлага, односно Владата дава мислење оваа точка од дневниот ред да се одложи, имајќи ги предвид сите ефекти, а да биде се во согласност со законот, мене навистина ништо не ми пречи оваа иницијатива да ја одложам до месец септември, односно по донесувањето на предложениот закон за заштита на природата, па од тие причини, ја повлекувам точката од дневен ред (како точка 8).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека точката предложена во предлогот како точка 8 - Предлог за донесување на закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк “Шар Планина”, со Предлог на закон, согласно Мислењето на Владата, се повлекува за некоја од наредните седници.

Има збор г. Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, министри,

Барам на денешната седница да се уврсти Информација за водоснабдување на градот Свети Николе. Иако немаме пишана информација, јас би ве потсетил дека поминаа 30 дена состојбата во градот Свети Николе е алармантна и до ден денес не се гледа никакво решение.

На минатата седница која беше посветена на поставување на пратенички прашања пред месец дена јас го актуелизирав ова прашање и тогаш од Владата ми дадоа образложение дека ќе изготват информација. Тоа не е пратеничко прашање, туку информација. До денешен ден од Владата на Република Македонија немам никаква информација по која би расправале.

Состојбата е таква што веќе 30 дена во градот Свети Николе се пие вода од цистерни. Проблемот е сериозен затоа што не се гледа никакво решение. Можноста на Јавното комунално претпријатие и општината Свети Николе е доведена до нула, нема никакви средства и она што се води како активности и она што се сака да се постигне е водата која се обезбедува од браната “Мавровица” е петта категорија вода што не може со ниедна технолошка постапка да се преработи водата за пиење. Состојбата ќе се комплицира затоа што доаѓа лете период. На време треба да реагираат сите релевантни институции во оваа држава. Да не ни се повтори случајот кој го имавме во Прилеп, во Куманово. Мислам дека државата е директно одговорна за овој случај да се реши. Се работи за 15 илјади граѓани на Свети Николе и општината кои не можат да пијат чиста вода, а да не зборуваме за последиците и она што следува. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Даневски вие предлагате да се стави точка на дневен ред - Информација за водоснабдување на Свети Николе. Меѓутоа, до мене и до Собранието таква информација нема поднесено до овој момент никој, па од тие

причини јас не можам да ставам на гласање и на дневен ред што не постои материјал, согласно Деловникот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, граѓаните немаат вода. Поминува месец дена, јас би ве замолил како претседател на Собранието ја имате можноста да интервенирате до Владата. Владата може да не изготви информација и следните шест месеци, а може и шест години. Во Парламентот имаме искуство дека едно прашање почнувајќи од 1990 година наваму остана отворено и не е одговорено од некои институции или Владата која не изготви информација. Ова е алармантно и од Вас барам како претседател на Собранието во писмена форма да се обратите затоа што јас сум ја запазил постапката и реков пред 30 дена барав од Владата на РМ да изготви информација. Мојата моќ во овој момент е толкава. Сега барам вие или Собранието треба да одлучи. Мислам дека вие можете во писмена форма да побарате од Владата да изготви информација. Владата може и по Ваше писмено барање да не изготви информација. Но, работите се комплицираат затоа што доаѓа летен период, 15 илјади граѓани на Свети Николе немаат вода за пиење, а да не зборуваме за децата. Се собираат по цистерни, а знаеме што е тоа 15 илјади граѓани. Проверете нема теоретски шанси водата да се дотера затоа што се користи петта категорија на технолошка вода. Нема техника во Македонија која може да ја преработи водата да биде за пиење. За тоа ве замолувам господине претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Вашето барање ќе го доставам до Владата.

Господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, од името на пратеничката група барам точката 3 од дневниот ред да биде повлечена, поточно доколку Владта не го прифати повлекувањето, тогаш пратениците со гласање да изгласаме оваа точка да не биде ставена на дневен ред.

Сега би сакал да предложам односно да образложам зошто.

Почитувани колеги, до нас беше доставен еден предлог на закон за Републички судски совет кој го гледавме по комисии, му дадовме виза од сите комисии онака како што ни беше предложено од Владата. Меѓутоа, денеска при доаѓањето на седницата односно учеството во расправата на оваа седница на

работната маса најдовме амандман кој го предлагаат пратениците кои ја поддржуваат Владата односно мнозинството пратеници со кој амандман суштински се менува содржината на Законот или се поставува истиот закон како што беше првиот пат поднесен од Владата кога беше и повлечен.

Бидејќи ние како пратеничка група сме затекнати, а од друга страна амандманите се поднесени на 23 мај, а материјалот дури сега го имаме на маса, сметаме дека станува збор за некаква игра за да се протне на мала врата она што во првиот обид кога беше предложен законот не се успеа.

Заради ова, а заради состојбите кои во секој случај треба и опозицијата да се слушне било на комисии, било на расправата на седниците, дури овој амандман не беше разгледуван ниту на комисиите, ние предлагаме овој закон Владата да има доблест да го повлече за да изгради став со која варијанта на законот ќе се оди за да не ни се случи Владата да го прифати, сето тоа да помине на мала врата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали претставникот на Владата се согласува да го повелече законот, ако не ќе одиме на гласање.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА-ЃОРЃИЕВСКА:

Не се согласуваме со повлекување на оваа точка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на господинот Караџоски  точката 3 од дневниот ред да се симне од дневен ред, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 89 пратеници, од кои 25 за, 58 против, 6 воздржани.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господинот Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, со оглед на амандманите по овој закон и она што го барав ми е доставено сега, барам пауза од два часа во името на пратеничката група за да изградиме став како да се однесуваме по однос на седницата.

Значи барам пауза од два часа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски согласно со Деловникот паузата може да трае најмногу 60 минути.

Вие барате два саати пауза, јас ви давам 60 минути, продолжуваме во 11,55 часот.

(Пауза од 10,55 - 12,10)

Продолжуваме со работа.

Господинот Караџоски бара збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,дозволете ми да го изнесам ставот на Пратеничката група по однос на причините поради кои баравме пауза и кој став го заседовме.

Почиуван претседателе, колеги пратеници Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на координацијата заклучи односно констатиравме со поднесениот амандман на точка 3 од Законот за Републички судски совет се прави една перфидна игра што на некој начин е грубо кршење на Деловникот, ако го земеме предвид фактот дека амандманот од страна на предлагачите е поднесен на 23 мај 2003 година значи примен во собраниските служби, а на пратениците воопшто не им беше поделен онака како што треба според Деловникот, туку тој амандман прв пат го најдовме овде на работните маси.

Исто така морам да констатирам дека е повреден Деловникот и во смисла на член 170 став 4. Заради запознавање на пратениците дозволете ми да го прочитам тој став. Став 4 гласи: “Ако амандманот на Предлогот на законот содржи одредби со кои се менуваат утврдените начела врз кои се заснива Законот или ако усвојувањето на амандманот би предизвикало побитни изменувања на текстот на Предлогот на законот, за амандманот не може да се одлучува на седницата на Собранието ако надлежното работно тело и Законодавно-правната комисија не го разгледале и не поднеле извештај за тој амандман”.

Со оглед на тоа што фактичката состојба е многу јасна ниту матичната комисија ниту ЗПК воопшто го има разгледувано овој амандман, ниту имала можност да го разгледа со оглед на фактот што дури денеска е доставен до пратениците, сметам дека, доколку дозволиме овој амандман да биде прифатен или изгласан ние ќе направиме груба повреда на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Да заклучам и да резимирам ги повикувам предлагачите на амандманот да го повлечат амандманот за да не дојдеме во ситуација да констатираме дека Деловникот сме го прекршиле. Тоа е едно.

Доколку тоа не се случи господине претседателе најавувам дека во процесот на гласање по однос и на амандманот и по законот Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да учествува, доколку не го повлечат амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Што се однесува до Деловникот амандманот е поднесен во законскиот рок и дистрибуиран така како што се дистрибуираат сите амандмани кои се поднесуваат во законскиот рок доколку не оценам дека дистрибуцијата преку пошта ќе го пробие рокот на одржувањето на седницата.

Дали работните тела односно претседателите кои ги свикуваат работните тела ценат тоа вие што го кажавте дека се менува законот или не и сакаат да ги свикаат тоа е одлука на ...(во збор му упаѓа господинот Караџоски)... знам јас на што се повикувате, меѓутоа кој оценува дали битно се менува законот од амандманот. Оценува претседателот на работното тело. Ако тие сакаат да ги свикаат, јас нема да правам проблем за тоа. (Пак му упаѓа во збор)

Вие сакате да дебатирате со мене. Еве вака, вие дадовте деловничка забелешка, јас ви одговорив на деловничката забелешка. Амандманот е доставен во законски и деловнички рок, дистрибуиран е на начин на кој се дистрибуира, а дали тој врши сериозна промена на одредбите на Законот кој е во постапка за тоа треба да се свикаат комисии, а ценат претседателите на комисиите, а не претседателот на Собранието. Ќе ви дадам збор, но не ми упаѓајте во збор господине Караџоски, навистина ако мене постојано ми упаѓата во збор кога се изјаснувам, јас незнам како ќе функционираме. Значи јас оценувам дека нема повреда на Деловникот, ако претседателите на комисиите сметаат дека треба да го разгледаат амандманот што е доставен дополнително, тоа е нивно право, јас тука не можам да се мешам. Тоа е мојот одговор.

Господинот Караџоски повторно бара збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, се извинувам што морам вака да реагирам, но сепак морам да забележам на Вашата последна констатација.

Членот 170 став 4 не зборува онака како што вие образлагате. Јас ќе мора уште еднаш да го прочитам. “Ако усвојувањето на амандманот би предизвикало побитни измени на текстот на Предлогот на законот”, што е очигледна работа, очигледно е дека текстот на законот се менува со амандманот и тоа драстично.

Значи, не може да се одлучува на седница на Собранието, а кој треба да одлучи пратениците и вие како претседател. Доколку не ги разгледале работните тела, овде не станува збор дали претседателот на Комисијата ќе оцени дали да го разгледа, овде е императивна норма, задолжително треба и заради тоа реагирам на вашата забелешка која ја упативте до мене.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да, меѓутоа јас не можам да утврдам дали Законот битно се менува. Тоа ви укажувам. Тоа треба да го направи претседателот на матичното тело.

Расправаме околу дневниот ред.

Има збор господинот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Свесен сум дека сме на расправа за дневниот ред и би сакал дневниот ред да биде проширен со уште една точка која се однесува на Македонската православна црква и најновите случувања во поглед на одлуката на Синодот на Српската православна црква, а со оглед дека светиот синод на МПЦ во текот на вчерашниот ден имаше средба со Владата на РМ и со дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Сметам дека е сосема нормално и ние како Собрание да се придружиме кон овие активности на овие институции и политички партии кои давааст поддршка на Светиот синод на МПЦ и да донесеме декларација на Собранието во знак на поддршка на одлуките на Светиот синод на МПЦ.

Текстот ќе биде поделен на пратениците, отворен е за забелешки и верувам дека овој наш предлог ќе наиде на одобрување од Ваша страна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, ништо не можам да ставам на гласање во овој момент немаме текст.

Немаме предлог за дневен ред, имаме усна информација согласно член 66 предлагачот на точка е должен да поднесе материјал во писмена форма, а немаме и не го ставаме на дневен ред.

Тоа важеше и за Неждет Мустафа.

Има збор господинот Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Господине претседателе  мислам дека имаме одреден проблем околу оваа точка, бидејќи нема расположение да се повлече точката од дневниот ред, а мислам компромисното решение би било..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Која точка?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Зборувам за точката 3. Мислам дека беше најопортуно, најполитички издржано, сепак Комисијата да се состане и да има став. Тоа во многу би придонело при гласањето на пратениците да се определат за крајниот текст на Законот. Мислам дека тоа треба да го прифати и позицијата и со тоа ќе опадне оваа тензија што сега настанува. Во спротивно би ве замолил и ние еден саат пауза да добиеме за да меѓусебно се консултираме за натамошното учество во расправата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Тито Петковски е претседател на Комисијата за одбрана и тој од мене побара за втората точка, тоа е матична комисија, да дадам пауза за да го разгледа новиот амандман. Ако тоа од мене го побара претседателот на матичната комисија ќе дадам пауза, меѓутоа, јас не можам да го натерам.

Вие баравте пауза? Не можат да ви дадат збор кога не барате.

Дајте му збор на Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Понудив најрационално решение по мене, а тоа е на паузата која ние ја бараме Комисијата да се состане и да заземе став и по амаднманот по точката 3. Тоа беше предлогот и замолив позицијата да се согласи со тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Барате пауза?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Да, барам пауза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За што?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Сеедно ми е сакате Комисијата да се состане или пратеничката група на Либералната партија да се консултира. Мене ми е сеедно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако претседателот на Комисијата побара ќе дадам пауза, а со оглед дека барате пауза за истата работа за која пред пет минути имавме 60 минути пауза овој пат барањето ќе ви го одбијам.

Госпоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници јас сакам да се произнесам во врска со предлогот за одреден став на Парламентот во врска со МПЦ и последните бранувања околу неа.

Сакам да информирам дека имавме предлог односно размислувавме во ЛДП за некаков евентуален став по ова прашање што би произлегол од Парламентот и за таа цел се консултиравме со колегите од Коалицијата и со претседателот на Собранието разговаравме за некоја можна консултација на координаторите на пратеничките групи во Парламентот, мислам на сите пратенички групи дали може и во каква форма би можело да се разговара за ова на Собранието затоа што сметаме дека ова е прашање кое треба навистина прво да се направи јасно разграничување помеѓу државните и црковните работи од една страна и надлежностите на Собранието во оваа сфера. Значи тоа е една многу тенка линија по која треба да се оди и од друга страна поради тоа што сметавме дека секако држи дека лошиот развој на односите помеѓу МПЦ и СПЦ како две сестрински цркви на два соседни народа може да направи и политичка штета во регионот внесувајќи одреден раздор или недоверба помеѓу народите.

Сметавме дека е опасен акавизам во време кога Македонија и Србија како држави интензивно работат на вкупната стабилизација на регионот преку зајакнување на севкупната соработка. Од друга страна сметавме дека ова се прашања кои на некој начин можат да ги засегнат и стратешките интереси на РМ и на сите нејзини граѓани независно од верската припадност.

Затоа предлагам да направиме одредена консултација начелно и со претседателот договоривме дека не е спорно и беше планирано во текот на денот да се понуди за паузата разговор со координаторите на пратеничките групи околу евентуално можно произнесување на Собранието околу ова прашање.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Сакам само процедурално да кажам во однос на точката 3, за мерките од страна на опозицијата.

Прво, амандманот регуларно е поднесен, во законски рок, согласно Деловникот. Значи, поднесувањето на амандманот е согласно Деловникот.

Второ, ставот што се чита од член 170 се однесува на повреда или на менување на начелата кои се согласно Законот.

Начелата врз кои се заснова законот се начела на законитост, еднаквост и рамноправност. Никој со амандманите не ги повредува тие начела,

бидејќи тоа е одредба од преоден карактер, како што е кажано во образложението, ако се чита добро и ако се сака да се биде конструктивен.

Значи, не се менува ништо, поврзан е со член 1 од членот 3 за Републички судски совет. Одредбата е од номо технички карактер, оперативна и со тоа не се исполнети барањата или забелешките што ги кажува во овој момент опозицијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Караџоски бара збор процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Со оглед дека допуштивте господинот Јани Макрадули да ни толкува Деловникот и така грубо да го толкува, дозволете и јас да дадам едно објаснување.

Господине Макрадули, вие се држите на став 4, меѓутоа ја читате првата реченица, а заборавате дека меѓу двете реченици постои едно “или”, што правно кажано е кумулативна, значи кумулативен аспект. Две различни работи. Вие зборувате за начелата на првиот услов, а не зборувате за вториот услов каде што вели “ако усвојувањето на амандманот би предизвикало побитни изменувања на текстот на предлогот на законот”. Значи, имаме втора работа, втор услов. За начелата не зборуваме, начелата не се изменети, меѓутоа побитна работа е измената на законот и тоа е очигледно.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во поглед на иницијативата за која зборував јас и госпоѓата Поповска можеби би било најсоодветно доколку се согласите за 30-минутна пауза, како би можеле координаторите на пратеничките групи да се договорат во поглед на предложената декларација, или воопшто за иницијативата која ја предлагаме на Собранието на Република Македонија да ја усвои на оваа седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Што предлог имате?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да се договориме за иницијативата околу усвојување на декларацијата во знак на поддршка на одлуките на Синодот на Македонската православна црква.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Договарајте се.

Има збор Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Процедурално господине претседателе, во врска со изнесеното од страна на господинот Караџоски, а во својство на предлагач ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немам расправа за одредбите од Деловникот.

БОРИС КОНДАРКО:

Нема да расправа за одредбата на Деловникот, туку процедурално во однос на забелешките што ги истакна господинот Караџоски, бидејќи јас сум еден од предлагачите на оспорените од нивна страна амандмани.

Со амандманот еден не се прави суштинска промена на текстот и на начелата на законот, бидејќи се дополнува текстот на законот со еден нов основ, кј е образложен, а тоа не е повреда на начелата на кој се заснова законот.

Второ, со амандманот два се врши функционално подобрување на текстот односно операционализација на измената на законот, со преодна одредба што всушност не значи, како што вие обвинувате повреда на начелата на законот. Преодната одредба има за цел да ја допрецизира самата операционализација на одредбата со која се прави измената на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Јас се надевав дека вие ќе го сфатите духот на членот 170 ставот 4 од Деловникот и вие ќе одлучите за да се прекине седницата и да заседава работното тело, а не да барате од претседателот на Законодавно правната комисија, или од некој друг претседател на комисија да побара. Се разбира, тој нема да побара, тоа е договорено на координацијата на пратеничката група на СДСМ, на мала врата на

перфиден начин да се протурка овој член кој битно го менува, дури и задира во правниот систем, задира во Уставот, го крши Уставот директно, затоа што одење во пензија значи менување на мандатот на постојните членови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпогине Краљевски, не баравте збор за расправа по амандманот. Точката не е утврдена на дневен ред.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Апелирам до вас да дадете пауза за да се консултираат членовите на Законодавно правната комисија заедно со претседателот и да видиме како да постапиме по однос на проблемот што се појавува сега.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На членот на кој се повикувате, јас давам пауза само во случај на алинеја 5 од членот, каде што се создава финансиски обврски за Република Македонија. Тогаш претседателот на Собранието на Република Македонија веднаш го доставува на работното тело за да го проучи влијанието на тој амандман. Овој амандман не бара финансиски средства и јас не одлучувам за тоа.

Молам, дали некој друг бара збор по предложениот дневен ред? (Никој)

Бидејќи ниој не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 77 пратеници, за гласале 60 и 17 против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точка 1 - Предлог за донесување на закон за овластување на организацијата за изработка на пригодни ковани пари по повод 100 години од Илинденското востание, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон и извештаите на работните телас ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор Елеонора Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Мислам дека е особено важно што предлогот на закон кој се однесува на печатење на пригодни ковани пари по повод 100 годишнината од Илинденското востание денеска е на дневен ред на Парламентот, иако е во форма само за донесување на закон за овластување на организација за изработување на пригодни ковани пари по повод 100 годишнината од Илинден.

Тука станува збор за организацијата АД “Голдмарк” од Радовиш, а бидејќи добивме еден амандман во кој што се предлага и златара “Крушево”, јас би сакала да го подржам амандманот за златара “Крушево”, доколку според претставниците на Владата на Република Македонија има технички можности златара “Крушево” да се вклучи во ваква реализација.

Ова го кажувам заради фактот што сметам дека 100 годишнината од Илинденското востание и златарата “Крушево” се на некој начин поврзани во одбележувањето на 100 годишнината од Илинденското востание и убаво би било не само од културолошки, туку и од економски аспект оваа организација да биде вклучена во ковањето на пари. Напоменувам повторно доколку Владата на Република Македонија одлучи дека има технички можности да се вклучи во реализација тоа би било во ред.

Она што би сакала да зборувам сега, а што сметам дека е особено важно, бидејќи како поединец и како Комисија за култура уште од минатата година, веднаш по формирањето на Комисијата се залагавме за изработка на пригодни ковани пари по повод 100 годишнината на Илинденското востание се типовите на пари што се тука предложени да бидат изработени. Овие пари ги предлага Народната банка на Република Македонија до Владата на Република Македонија и тие донесуваат одлука какви типови на пари ќе се коваат. Тука се предложени ковани пари со ликовите на Никола Карев, Даме Груев, Гоце Делчев, Питу Гули и Јане Сандански.

Во целиот овој период групи на граѓани, асоцијации, поединци, па дури и пратеници, дури и на Одборот за прослава на 100 годишнината од Илинденското востание беа искажани и други предлози за да влезат во оваа пригодна сериија на ковани пари. Бидејќи ние пратениците сме вокс попули, би требало да го почитуваме и да го кажеме нивното мислење, да кажам дека беше предложено во оваа серија на ковани пари да се најде и ликот на Крсте Мисирков, заради фактот што оваа година

е 100 годишнината од излегувањето на книгата “За македонските работи” , а културата и јазикот се надградбата на револуцијата, односно на востанието од 1903 година.

Потоа беше даден предлог за Ѓорче Петров, за кој што се смета дека е еднакво значајна личност за Илинденскто востание и воопшто за одбележувањето на 100 годишнината.

Од Сојузот на борците и од поедици граѓани беше предложен генерал Михајло Апостолски како личност која што ги поврзува двата илиндена, Илинден 1903 и Илинден 1944 година, бидејќи на крајот на краиштата ние овде ја одбележуваме 100 годишнината од Илинденското востание.

Во тој случај исто така во оваа серија на ковасни пари би требало да се најде и Ченто како прв претседател на АСНОМ.

Така што ликовите што се тука предложени би можела Народната банка на Република Македонија да и предложи на Владата на Република Македонија и покрај тоа што со донесувањетот на овој закон ќе започне процесот на ковањето на пари во наредниот период да се донесе уште една одлука со која што овие личности би се вклучиле во одбележувањето на 100 годишнината.

Исто така би сакала да кажам неколку збора за тиражот на парите, а потоа би ги покажала на пратениците доколку се заинтересирани авирсите и аверсите на предложените пари што ќе бидат исковани.

Што се однесува до тиражот до 500 примероци од сите пари што се планира да се коваат сметам дека е многу малку пред се заради фактот што освен тоа што овие пари треба да ги имаат сите значајн институции во Република Македонија ќе претставуваат од нумизматичка смисла вонреден раритет и ќе сакаат да ги имаат поголем број колекционери. Затоа предлагам на претставникот на Владата на Република Македонија доколку има можност за малку, ако не да се дуплира тиражот да се зголеми тиражот на кованите примероци на пари.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата на Република Македонија, дами и господа пратеници,

Предлогот за донесување на закон за овластување на организации за изработување на пригодни ковани пари по повод 100 години од Илинденското востание, со предлог на закон, вчера го разгледа и Комисијата за култура. Мој личен впечаток е дека наместо да се занимава Комисијата за култура со суштината, односно со содржината која што ќе биде на монетата, содржина која ќе ја симболизира борбата за слобода и државност на нашиот народ, разгледувајќи го овој закон таа се сведе на комисија која што работеше тоа што не и беше работата. Да даде согласност за тоа, кој ќе ги изработи монетите, а не какво ќе биде решението за монетите, бидејќи од претставниците на Министерството за култура и финансии, беше речено дека не може да се интервенира во идејното решение, бидејќи веќе е доцна.

Мој личен впечаток е како да ни беше одземено правото да си го кажеме мислењето за содржината која ќе биде ставена на кованите монети и да влијаеме на решението.

Пред неколку месеци формиравме Одбор за прослава, со чија динамика на работа не сме задоволни. Лично сметам дека Одборот за прослава во однос на монетите само требаше да понуди решение кое што секако требаше да го разгледа и Комисијата за култура, а после тоа, респектирајќи ги забелешките на Комисијата за култура, Владата на Република Македонија да ја донесе таа одлука. На тој начин нема да беа исклучени пратениците од давањето придонес за изнаоѓањето на најдобри решенија за монетите.

Инаку, ме радува определбата на Владата на Република Македонија и на Комисијата и на самиот Одбор за прифаќањето да се издадат монетите по повод 100 години од Илинден. Денот кога ја формиравме Комисијата за одбележување на годишнини, значајни настани и личности, доставив еден писмен предлог како пратеник до неа, за издавање на монета Илинен 1903 - 2003 година, како симбол на сонот и борбата на нашиот народ за сопствена држава. Мојот предлог произлезе од еден податок кој што го најдов во првиот том од книгата “Ослободителните борби на Македонија - Илинденско востание” издадена 1933 година од охриѓанецот Христо Силјанов - Илинденски војвода и блзок пријател на Гоце Делчев, во кое што тој забележал, во едни свои неиздадени белешки за востанието за овој крај.

Лазар Киселинчев, еден на челниците на Смрдешкиот центар раскажува дека во деновите на слободата, приготвил еден восочен отпечаток на македонски монети со грб од едната страна и со натпис - Внатрешна македонска одринска револуционерна организација 1903 година од другата страна. Го покажал

тоа на реонскиот началник Поп Трајков со мислење да се порача кај кујунџиите во Клисура лиењето на сребрени и бронзени македонски монети. Поп Трајков се почувствувал раздразнет од тоа што во такво време го вознмируваат со ситни прашања кои што имаат значење само за историјата и го уништил моделот.

Тргнувајќи од овој нереализиран сон на нашите илинденци, предложив на монетата да биде задржан симболот и името на Организацијата која што го извела востанието.

На монетите кои што се денес на дневен ред ќе има пет лика на револуционери од овој период. Меѓутоа, лично сметам дека многу селективно се пристапило во изборот на дејците на организацијата кои што го кренаа Илинден. Ги нема тука членовите, сите членови на Главниот штаб на востанието, од тројцата само Даме Груев е тука. Тоа е исто како да зборуваме за христијанство, без да се спомнат апостолите, односно сакам да кажам да не постапиме исто така како што порано славевме годишнини од НОБ без Ченто.

Затоа, би сугерирала до Одборот и Владата на Република Македонија доколку се определени за монети со ликови од периодот на Илинденското востание, да нема таков селективен пристап, или пак во рамките на прославата на 100-те години од Илинден да се издадат монети со кои што ќе се одаде должното признание на организацијата како што стои во мојот предлог, кое го крена најмасовното востание што е кренато до сега во Европа.

Инаку, се согласувамер со тоа, освен АД “Голдмарк” - Радовиш во еден сегмент од техничкото изготвување на монетите да се вклучи и златарата од “Крушево”, доколку тоа може технички да го направи.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор госпоѓа Топузова.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Иако во овој момент Собранието треба да донесе закон , со кој ќе биде овластена организацијата, која треба да ги изработи кованите пари, по повод 100 години од Илинденското востание, со оглед на значајот на овие монети, кои претставуваат еден голем придонес за достоинствено чествување и одбележување

на најзначајниот настан за македонскиот народ, 100 години од Илинденското востание, ЛДП ќе го поддржи овој закон и ќе го поддржи амандманот кој се однесува на истиот. Но во исто време сакам да ја искористам можноста да укажам на потребата и да го поддржам и претходниот говорник гспоѓата Елеонора Петрова, да се зголеми тиражот, кој што всушност го истакна Комисијата и тоа особено тиражот на кованите пари, сребрените монети, со оглед на тоа што не бара големи финансиски средства, а што е најважно, мојот акцент би го ставила на следното дека поголем дел од овој тираж треба да биде пуштен во продажба, а средствата кои што ќе бидат собрани со продажбата на овие монети да бидат наменети за заштита и одржување на споменичниот комплекс на Мечкин камен и споменикот Македонија. Тоа би била една сугестија до Владата, а што се однесува на дискусијата од претходниот дискутант, навистина, сите личности од Илинденското востание се многу значајни, не само за македонскиот народ, туку за нашата државност, но веќе сега не расправаме за идејните решенија, туку дискусијата е насочена кон донесувањето на овој член. Имавме одбор, одборот си подготви секретаријат и идејните решенија ги изготвија стручни и компетентни лица, кои што навистина успеале да го сублимираат сето она што е значајно за Македонија, за нашата државност и во овој момент немам некоја посебна забелешка на ликовите кои што се одбрани, секако со дополнување дека и Борче Птров треба да се најде меѓу овие ликови и не значи дека сите оние наши дејци, великани кои што дале значаен придонес за нашата самобитност, не би требало да им бидат посветени монети но во оваа прилика мислам дека ќе биде сосема добро предложеното.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам исто така во името на пратеничката груа на Либерлната партија да го поддржам денешниот закон, со кој се дополнува програмата за одбележување на 100 годишнината од Илинденското востание, но истовремено да потсетам дека таа годишница значи всушност прослава на континуитетот на државноста на Република Македонија.

Од тука мислам дека се наметнува како аксиома, како задолжителен предлог да биде земен предвид од Владата и изработка на монета на Методи Андонов Ченто. Мислам дека со тоа ние ќе покажеме дека и АСНОМ-ското собрание и првиот

претседател се дел од нашата историја, бидејќи долго време таа историја имаше и други конотации и идеолошка смисла.

Затоа мислам дека тој предлог треба едногласно да се прифати и Владата да го акцептира во натамошната постапка за изработка и исто така поддржуваме да се даде можност и на златарата од Крушево да се вклучи во проектот така како што предвидува постапката за истото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари по повод 100 години од Илинденското востание.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 гласале “за”, а двајца “воздржано”.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник. 60 гласале “за” и еден “воздржан”.

Констатирам дека предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон е усвоен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Пратеникот Коста Прешовски поднесе амандман за менување на член 1 по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Коста Прешовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Се согласуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Се согласуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 гласале “за” и двајца “воздржани”.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари по повод 100 години од Илинденското востание.

Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето, со предлог на закон.

Предлогот за донесиување на законот, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Господине Петковски останувате ли на барањето Комисијата да ја свикате?

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

После општиот претрес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Денеска пред нас пратениците е предлогот за донесување на законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето, предложен од Владата на Република Македонија, при што кон предлогот за донесување на закон, Владата поднесува и предлог на закон и предлага по нив да се расправа на оваа седница.

Сметам дека со оглед на тоа што не е во прашање сложен и обемен закон, а согласно член 152 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, во ред е барањето на Владата на оваа седница да го разгледаме и предлогот на закон.

Јас како пратеник ќе дадам свое мислење по овој доста важен закон за Република Македонија.

Што се однесува на законскиот основ, сметам дека има уставен основ за негово донесување и дека начелата врз кои се засновува предлогот на законот се во согласност со Уставот и правниот систем.

Што се однесува пак до причините, заради кои треба да се донесе овој закон, сметам дека има многу причини, но јас би набројал неколку. Пред се мислам дека недозволената трговија со оружје во Република Македонија бележи постојан пораст и добива карактер на организиран меѓународен криминал. Местоположбата на Република Македонија овозможува голем дел од криминалните активности да се одвиваат на нашата територија, вклучувајќи ја и трговијата со оружје. Се претпоставува дека граѓаните на Република Македонија неовластено поседуваат значајни количини на оружје и муниција и експлозивни материи. Точниот број на неовластено поседување на оружје не се знае, но тоа е во огромни количини. Неовластеното и неконтролираното поседување на огнено оружје, муниција и експлозивни материи кај граѓаните на Република Македонија создава можност тие да бидат злоупотребени за вршење на терористички активности, напади врз објекти, меѓусебни пресметки и тн.

Според мене, оружјето е најголемо зло за граѓаните, а и за зачувување на безбедноста на државата.Сметам дека потребата за зачувување на безбедноста, мирот и стабилноста во Република Македонија, можеме да ја зачуваме со донесувањето на овој закон и со негова реализација. Притоа, сметам дека овој закон ќе биде еден сегмент, односно еден чекор кон поголема стабилност и безбедност на Република Македонија и на граѓаните на Република Македонија. Овој закон го очекуваат и граѓаните на Република Македонија. Можеби требаше да се донесе порано, но и сега не е доцна. Но граѓаните не го очекуваат само неговото

донесување, туку и неговата реализација и резултатите од доброволното предавање и собирање на огненото оружје, муницијата и експлозивните материи.

Јас мислам дека целта неможе да се постигне само со донесувањето на овој закон. Целта треба да ја постигнеме сите заедно. А пред се, мислам на сите нас овде пратениците, без разлика кој на која партија припаѓа. Во реализација на законот треба да се вклучат сите политички партии од позиција до опозиција, вклучувајќи ја и ДПА која не е овде во Парламентот. Целта треба да ни биде на сите иста, да го зачуваме мирот, безбедноста и стабилноста на државата. Неовластеното и некоординираното поседување на огеромно количество на оружје, муниција и експлозиви се зло за државата. Затоа оружјето треба да се собере и да се уништи.

За мене постои една дилема каква е разликата на поседувањето на оружје легално или нелегално. Јас не правам голема разлика и легалното и нелегалното оружје убива. Само што сметам дека нелегалното оружје убива два пати. И едното оружје и другото оружје е зло за човекот. Затоа сметам дека е неопходно донесување на овој закон.

Јас сум оптимист, а сметам дека и сите пратеници се оптимисти и сметам дека овој закон ќе даде добри резултати и дека треба да се вклучат сите граѓани на Република Македонија. Овој закон важи за сите граѓани на Република Македонија кои поседуваат неовластено огнено оружје и муниција или експлозивни материи. И тоа и македонци и албанци и турци и срби и роми и власи и сите кои што живеат во Република Македонија. Да потенцирам уште еднаш за успешно спроведување на законот треба да се поттикне свеста кај граѓаните, дека оружјето е зло за граѓаните.

За успешно спроведување на акцијата и на законот, неопходно е вклучување и на медиумите. Да се води една медиумска кампања за доброволно собирање на оружјето. Да се вклучат сите политички партии од позиција и од опозиција со своето политичко дејствување кај своите членови и симпатизери. Но за мене е многу битно во акцијата да се вклучи и Демократската партија на албанците, чии пратеници во овој момент не учествуваат во работата на Парламентот. Акцијата да се спроведе на подрачјето на територијата на целата Република и тоа подеднакво како во Дебар, Тетово, Скопје, Куманово, Ѓевѓелија и тн., бидејќи секаде низ Македонија има нелегално оружје.

Исто така, сметам дека паралелно со овој закон, а за реализација исто на овој закон има потреба од донесување на закон за набавување, поседување и носење на оружје. Како треба да се извршат измени и дополнувања на кривичниот закон, во кој

ќе се предвидат многу повисоки казни за неовластено поседување и носење на оружје.

Би се осврнал накратко што содржи овој закон. Со овој закон се уредува доброволното предавање на огненото оружје, муницијата, експлозивните материи, што неовластено го поседуваат граѓаните, собирањето, складирањето и уништувањето, како и легализација на оружјето што граѓаните неовластено го поседуваат, а за кое може да се издаде дозвола за оружје, согласно Законот за набавување, поседување и носење на оружје, при што, граѓаните на јавен повик ќе повикаат доброволно да го предадат оружјето во рок од 45 дена од денот определен со националната програма. При што при предавањето на оружјето, нема да се врши идентификација и евиденција на граѓаните и нема да биде поведена кривична или прекршочна постапка, што значи дека се остава на свест и совест граѓанинот доброволно да го предаде оружјето, бидејќи оружјето е зло за него, за неговата фамилија и за околината во која живее, а му се гарантира правото дека нема да биде гонет по било кој основ.

За спроведување на законот ќе се формира координативно тело, кое ќе изготви национална програма, ќе се формираат комисии, кои ќе го собираат оружјето на одредените пунктови.Собраното оружје ќе биде јавно уништено.

Исто така, со законот се предвидува легализација на оружјето на пунктовите каде што ќе се врши доброволното предавање на оружјето и тоа лицата кои поседуваат оружје, а немаат дозвола за оружје, согласно законот, можат да поднесат барање за издавање на дозвола за оружје преку комисиите до Министерството за внатрешни работи. Против овие лица нема да биде поведена никаква постапка. Доколку лицето ги исполнува условите пропишани со Законот за набавување, поседување и носење на оружје, ќе му биде издадена дозвола за оружје.

На сите комисии на кои беше разгледуван законот доби поддршка и зелено светло од сите пратеници. Но се водеше расправа зошто Владата го предлага моделот на доброволно предавање на оружјето и колку оружје треба да се собере законот да биде успешен.

Јас сметам дека за наши услови овој модел е најпогоден и најдобар и дека ќе постигнеме најдобри резултати. Во практиката до сега за решавање на ова прашање познати се два дела и тоа оружје за развој и пари за оружје.

Првиот модел оружје за развој е спроведен во Албанија и Косово и подразбира финансирање на локалната самоуправа во изградба на инфраструктурата, сразмерно на количината оружје што е собрано во таа општина.

Вториот модел е пари за оружје, а зпроведен е во Хрватска и трае веќе 10 години и подразбира давање паричен надомест за предаденото оружје со висина на неговата пазарна цена. Овие средства се обезбедуваат од буџетот на Хрватска. За илустрација, по овој модел Република Хрватска има дадено 10 милиони германски марки а се собрани само 30 парчиња оружје.

Доколку се примени овој модел, што за мене не е во ред пари за оружје, сметам дека на тој начин ќе ја стимулираме продажбата и шверцот на оружје. На пример ќе се откупи оружје од граѓанинот, тој ќе земе пари и ќе набави ново оружје. Со тоа нема да ја постигнеме целта. Заради тоа сметам дека овој модел доброволно предавање на оружјето за наши услови е најпогоден и ќе даде најдобри резултати. Но треба граѓаните да знаат дека оружјето е зло и треба да се ослободат од него и дека не му е потребен на ниту еден граѓанин да го имаат за остварување на било која негова цел. Во однос на тоа колку оружје ќе се собере секоја бројка од собрано и од уништено оружје ќе биде успех и ќе придонесе за стабилноста и безбедноста во Република Македонија. Од тие причини јас го поддржувам законот, а во интерес на мирот и безбедноста и стабилноста на Република Македонија, јас ќе гласам за законот и непосредно во мојата средина ќе дадам активно учество за негова реализација, а сметам дека тоа ќе го направат и останатите мои колеги пратеници во своите средини ќе дадат голем придонес за реализација на овој закон. Самиот закон како таков неможе да се реализира доколку не се вклучиме ние сите пратеници, сите политички партии и сите граѓани во Република Македонија. Сметам дека овој закон ќе даде голем придонес за безбедноста, мирот и стабилноста во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Колеги пратеници, почитувани претставници на Влада,

Со оглед на тоа што претпоставувам повеќе дискутанти ќе се јават за поддршка на овој закон, ќе бидам сосема краток и би нагласил дека сите ние сме свесни дека оваа акција за собирање на оружје ќе биде многу тешка акција.

Во таа смисла и на комисиските расправи, а верувам и сега на пленарната седнца ќе се изјаснат многу пратеници. Оваа акција, почитувани пратеници е многу одговорна, ќе бара многу одговорност и ангажирање и координирана активност на многу субјекти. Заедничка акција на Владата, пред се, на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, но и на Парламентот, на општините, на заедницата на едниците на локалната самоуправа, на локалното население и се разбира, активноста на сите политички субјекти, за кои што сме убедени дека консенсуално ќе ја поддржат оваа акција. Се разбира, ќе биде неопходна поддршка и соработка и од Меѓународната заедница. Но како што беше кажано широка медиумска поддршка, која треба да биде континуирана за време на цело време траење на оваа акција, а се разбира и пред отпочнување на акцијата и од тука, не би должел, евидентно е огромното значење на медиумите.

Законот претставува само една нормативна претпоставка за која сите сме убедени дека ќе биде една солидна основа за успешноста на акцијата.

Што се однесува до рокот на собирање на оружјето, според некои предложениот рок од 45 дена треба да се скрати на 30 дена, според други ја 60, но самите рокови се поврзани со низа други рокови. Во секој случај сметам дека искуствата од другите земји покажуваат дека акцијата за собирање оружје треба да биде ефектна што значи за еден збиен, условно кажано рок, за да не се одолговлечува безконечно, затоа што со тоа би можело и да се разводни. Но, по завршување на акцијата сите субјекти што учествуваат во Собирање на оружјето треба да ја оценат акцијата за да на крајот, конечно, Собранието ја даде оценката за активностите и да донесе одредени заклучоци од кои што ќе се види дали евентуално оваа активност треба да продолжи врз база на овој закон или врз база на некој друг пропис или на некоја друга одлука.

Лично очекував дека оваа акција дека ќе биде многу поуспешно отколку претходните слични активности, акции во РМ, кои свесни сме дека имаме симболичен карактер. Но, илузија би било да очекуваме сето оружје да се собере, да се собере со една единствена акција, односно оваа активност, бидејќи ова треба да биде перманентна задача на сите субјекти што веќе ги набројав. Бидејќи и самите претставници на Владата, но и проценките од други места укажуваат на тоа дека е многу растеглива бројка во поглед на проценките на нелегалното оружје што е во РМ. Од 50-70 па дури до 300-400 илјади паржиња оружје, така што се покажа дека е многу неблагодарно однапред да се проценува која количина на оружје е присутна во Република Македонија.

Се надевам дека ќе ги користиме позитивните но и негативните искуства од оние земји односно региони како се одвивала веќе оваа акција, Косово, Албанија, Хрватска, како и некои други земји, но и она што е напишано во образложение на законот, дека локалните проекти ќе бидат финансирани од меѓународните организации во оние региони, во кои што ќе се собере позначителна количина на оружје, се надевам дека тоа ветување, бидејќи така е дадено во образложение на законот, одредени меѓународни организации ќе го исполнат и во тие региони ќе бидат финансирани одредени проекти, што сепак се покажа во некои земји како успешна конпензација за активноста за собирање на оружјето и стимулативно влијаеше на локалното население активно да се вклучи во собирањето на оружје.

Јас сметам дека не треба, како некои, однапред да покажеме скептицизам за акцијата, туку напротив и покрај тоа што сме свесни дека собирањето на оружје ќе бара огромни напори, ќе претставува ѓаволски тешка работа, дека треба оптимистички да пристапиме кон оваа активност. Покрај тоа, ќе потенцирам дека се потребни многу, многу напори, многу, многу непознаници имаме во оваа акција пред се во бројот на оружјето итн. Но, во секој случај треба позитивистички да настапиме во оваа акција и треб да ги убедиме сите граѓани на РМ, како што беше кажано, дека оружјето никому не носи добро, туку напротив само зло, што се виде и во другите региони. Дека, доколку успешно се спроведе оваа акција ќе значи поголема колективна но и индивидуална безбедност, безбедност на секој поединец, на неговото семејство, на неговите блиски.

Затоа, почитувани пратеници, оваа акција претставува сериозен тест пред сите политички субјекти и од позицијата и од опозицијата, но и за сите други субјекти што ќе бидат вклучени директно или индиректно во оваа акција. Затоа што граѓаните од нас, од парламентот и од Владата очекуваат перманентно да работиме на подобрување на безбедносната состојба.

Ја користам оваа можност да укажам на претставниците на МВР дека веднш по донесувањетона овој закон треба да се отпочне со активност за донесување на нов закон што ќе го регулира поседувањето и носење на оружје и добивање соодветни дозволи. Односно, постои информација дека тој веќе се работи, да продолжат што побрзо да се најде пред Владина и Собраниска процедура, бидејќи сегашниот закон е донесен пред повеќе од 15 години, а измените пред 10 години, а содржи несоодветни решенија. Во новиот закон треба да се содржани многу порестриктивни услови за добивање на овие дозволи. При тоа, потребно е многу попрецизно да се разграничи поседувањето од носењето оружје. Едно е некој да има

дозвола да го чува оружјето дома или на одредено место заради сопствена или друга заштита, а сосема е друго да има дозвола со себе да го носи тоа оружје. Тоа би требало да се дава само по некој исклучок или во исклужително оправдани случаеви.

Во новиот закон би требало да се предвиди задолжителна обука за апликантите за добивање на дозвола за поседување и носење на оружје. Затоа што искуствата, иако статистижките податоци покажуваат дека не мал број на инциденти настануваат токму поради слабата обученост на оние кои го поседуваат оружјето.

Сега, почитувани пратеници, во едно се обраќам и до претставниците на Владата, е вистински но и краен момент да се усвои овој нов закон кој што ќе ја регулира оваа материја, затоа што овие активности се провлекуваат од 1996 година за донесување на овој закон, а сеуште немаме финализација на овој закон, но исто така сметам дека во контекст со претходниот закон, овој закон ќе придонесе за помала количина на нелегално оружје во РМ, а со тоа ќе дојде до поголема стабилност и безбедност.

На крајот, почитувани колеги пратеници би сакал да потенцирам дека очекувам парламентот консензуално да го изгласа овој закон, но и активно да се вкучи во неговата имплементација. Се разбира, заедно со Владата и другите субјекти, иако со тоа парламентот презема огромна одговорност за спроведување на овој закон и за севкупната активност. Но, сметам дека решенија во закон со кои што активно се инволвира парламентот, како највисоко законодавно но и политичко тело во РМ, е добро решение и јас очекувам дека сите овие субјекти, а конкретно сега зборувам за парламентот, успешно ќе ја изврши оваа своја задача. Но, би сакал во Законот да влезе такво решение, да се обврзе, иако јас претпоставувам дека по завршувањето на активностите надлежните тела, координативни итн., министерства, ќе достават извештај до Парламентот и дека ќе имаме можност, се разбира да дадеме позитивна оценка  на овој закон. Сметам дека во Законот стриктно стои дека повторно, завршниот збор за успешноста на акцијата и за е вентуални други мерки, треба да го даде токму овој парламент.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Дозволете да го изнесам ставот на пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ по однос на овој закон. На почетокот веднаш да кажам дека пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ ќе го поддржи овој закон и ќе гласа позитивно.

Сега би сакал да изнесам неколку ставови по однос на тоа како пратеничката група и јас лично размислуваме во однос на тоа што овде ни се предлага со овој закон.

Во секој случај, самата иницијатива е за поздравување. Потребата и моментот кога се прдлага законот прд нас пратениците  е неспорен во секој случај, така што навистина се налагаше потреба подолго време да се донесе еден ваков закон. Секако е тоа за поздравување.

Предлагач на законот е Владата, меѓутоа, не треба да се занемари улогата на МВР, бидејќи е главниот носител, како и улогата на министерот г-динот Хари Костов. Во секој случај, верувам дека тука е и негов огромен придонес во смисла на тоа овој закон што побрзо да излезе од тоа министерство, преку Владата да дојде до Собранието, иако подолго време јавноста го исчекуваше. Добро е, почитувани пратеници, што сплетот на околностите придонесе денеска г-динот Хари Костов, да го имаме за министер, затоа што можеше да се случи да биде министер во оставка, а можеби веќе и да не биде министер со оглед дека ја најави оставката. Тоа е добро во секој случај.

Значи, да кажеме, фактот дека во РМ, во самото образложение на законот ние е објаснето од каде се и по кои се патишта РМ сепак е место каде имаа голем број на илегално оружје. Во самото образложение е кажано во кои се причините поради кои што е ваква состојбата. Тука се наброени војните на БиХ, нередите и безаконието во Албанија, каде што навистина имаше масовно разграбување на илегално оружје и делено во секакви раце, при што не беше запоставена ниту РМ. Потоа, вооружените судири и нереди во СР Југославија, поточно во Косово и Јужна Србија. Нарушената политичко безбедноста состојба во РМ, во текот на 2001 година, итн., итн. да не ги читам од образложението.

Со еден збор, сите овие можности придонесоа ова оружје да може да биде злоупотребувано при што од повеќе поединци но и од групи, наброени во образложението и во секој случај добронаброени, тоа се криминалните групи, паравоените формации итн., итн., терористички, други екстремистички сруктури, иако во овој момент во РМ, немаме јасен став дали такви групи постојат или не. Обично МВР ги квалификува сите како криминални групи. Но, факт е дека постојат, ако ништо друго, според известувањата што доаѓаат до јавноста.

Не би навлегувал во однос на решенијата што ги предлага МВР. Какви год да се, секој може да најде и погоден но и критички осврт. Сметам дека се добри, и не се кој знае каква новина на МВР, со оглед на тоа што ги следело поуките од земјите што имале слични вакви проблеми. Со една симбиоза дојдено е до едно решение што може би во овој момент во РМ, најмногу одговара. Значи, основното е тоа што се тргнува на доброволна основа, принцип, односно да се предаде оружјето што се поседува за да се дојде до определен резултат и со одредени начини, легализирање итн., итн.Не би се впуштал во самиот текст.

Сметам дека горе-долу е добар, меѓутоа би сакал да кажам неколку зборови во однос на тоа што би се добило со примената на овој закон.

Да немаме претходно искуство, значи да немавме една состојба на собирање на исти принцип, може би не тотално ист, но сличен, во оној момент после воената криза во РМ, можеби би очекувале и подобри резултати. Од овој закон, во смисла на тоа што претходно сме немале искуство. Меѓутоа, факт е дека претходното искуство со право ни дава да бидеме скептици на некој начин, можеби не апсолутни, но на некој начин да бидеме скептици, затоа што и првата операција на собирање оружје од теориристичката ОНА вроди со плод само со тоа што го собравме отпадот, нели, сето она 'рѓосано оружје што сум убеден дека не беше ниту користен во тој конфликт. докази за тоа се и последните настани што секојдневно ни се случуваат во тој регион. Значи очигледен е примерот дека таа операција не беше толку успешна како што се најавуваше, бидејќи и ден денеска особено во тој дел од Републиката се случуваат и натаму инциденти, разноразни пукања, немири секојдневни итн., што индиректно или директно упатува дека состојбата во тој регион е сеуште далеку од таа што ја посакуваме.

Во недостиг на сознанија од страна на МВР, во недостиг на една определена бројка да претпоставиме некоја бројка што ги дала почетен показател со току парчиња илегално оружје располагаме во овој момент, значи во недостиг на таков аргумент, верувам дека МВР и да сака нема таков податок од објективни причини. Не велам субјективни. Значи, во недостиг на една таква јасна позоција не можеме да знаеме ниту каков ќе биде резултатот. Со оглед на тоа, самиот факт, да речеме колку оружје ќе се собере во однос на овој закон не можеме да квалификуваме јасно дека е успешна или неуспешна акцијата.

Во секој случај, акцијата е за поздравување, макар да се собере и едно парче оружје, затоа што е сепак некаков резултат.

Да не должам многу. Во основа, законот го поддржуваме, се надеваме на поширока и посеопфатна акција. Нашата поддршка и како партија и како пратеничка група е во насока на тоа се што може да се придонесе во давање посеопфатен придонес со максимална поддршка, што би требало да го направат и сите политижки структури како и средствата за информирање. Да се допре до свеса на граѓаните кои поседуваат вакво оружје, да го предадат доброволно за да, навистина доколку сакаме РМ, да пред се биде безбедна онака како што сите ја посакуваме, во секој случај, тоа ќе биде голема улога, голем факт, голема можност РМ, да тргне во насока на економските просперитет и развој, затоа што само на начин колку е подобра безбедноста толку е посигурна и инвеситицијата во РМ.

Поради тоа овој закон треба да се поддржи но, треба сите да бидеме свесни дека тоа така лесно нема да оди. Дека треба да дадеме поширока политичка поддршка како политичките партии, така и сите субјекти во РМ преку средствата за јавно информирање, а и самите граѓани со сопствената свест дека со овој почеток наговестуваме дека во РМ конечно ќе завладее мирот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Денеска, навистина дебатираме за еден многу значаен закон што има посебно значење за РМ. Знаете дека сите ние заедно имаме заеднички консензус помеѓу политичките партии претставени во парламентот, дека претендираме еден ден да станеме членка на ЕУ, и другите Евроатлански структури. Со ова ќе се посгитне да бидеме дел од тие структури ако успееме во РМ да го реализираме мирот и стабилноста така како што е желбата на сите нас, да чувствуваме поголема сигурност кај граѓаните на РМ.

Ова не е само желба туку е потреба и неопходност да во РМ се создадат услови за мирен, стабилен и сигурен живот и да станеме членка на големото Европско членство и другите светски структури, во чии рамки ја гледаме иднината на РМ. Денеска дебатираме по еден предлог што е пред нас, Закон предложен од страна на Владата за собирање на оружје што се наоѓа во рацете на граѓаните, без оглед на припадноста, затоа што јас знам и сите знаеме дека законот не ги дали граѓаните во РМ врз основа на нивната национална припадност.

Затоа, воопшто не можам а се согласам со неколку претходни говорници или со еден говорник кој секогаш прејудицира дека оружјето се наоѓа во рацете на албанците, во РМ. Поистоветувајќи ја, спомнувајќи ја и револуцијата што се случи во Албанија, војната на Косово и, немајќи причина дека оружјето во РМ е подлено и од институциите на системот, од МВР. И, ако зборуваме објективно и врз рамноправни основи, да бидеме реални пред граѓаните на РМ, и да кажеме дека сме подготвени, без да се обвинуваме едни со други, затоа што сме ја подале раката, за помирување, не само да опстои Македонија, туку треба заедно да ја гледаме перспективата на Македонија. Гледајќи ја перспективата на Македонија ќе ја видиме и перспективата на нејзините граѓани, перспективата на своите деца.

Затоа, во оваа насока би апелирал до сите пратеници да не алудираат на едните л иддругите, туку да разговараме за оружје и други експлозивни средства што ги имаат без дозвола граѓаните на РМ без оглед на нивната припадност. Затоа, во оваа насока, како Партија за демократски просперитет, сме рекле и порано а ќе повторам и денеска, да опстоиме на тоа дека ни треба целосен консензус од сите нас, за да ја постигнеме ефикасноста, да го постигнеме тоа што претставува обврска на нашата политичка партија. Затоа, секаде каде што се претставуваме, пред нашето гласачко тело и граѓаните воопшто, првото прашање што ни се поставува е дали еден ден ќе се постигне безбедноста, дали ќе има безбедност за сите граѓани во РМ? Дали ќе се ангажираат институциите со поголема точност за реализирање на безбедноста? Дали ќе има една кохерентна сила во оваа насока да се обезбеди мирот и стабилноста, нудејќи им безбедност на граѓаните. Или пак, ќе продолжиме со етикетирања, шпекулации и други начини што воопшто не се добри за оваа земја и за политичарите и за тие што ги претставуваат граѓаните на РМ.

Можам слободно да кажам, со потполна одговорност, дека навистина пред себе гледам еден закон, би рекол либерален, што го изразува начинот на собирање на оружјето, муницијата и сите експлозивни средства. Во оваа насока, образложението дадено во законот треба да биде за сите прифатливо. Причините се искажани затоа што во еден долг период во поранешна Југославија, немирите што се случија, конфликтите во поранешните Југословенски републики, како и во РМ, сите тие причини се изразени. Меѓутоа, ние треба да дадеме се од себе со цел да ја постигнеме поставената цел. На крајот на краиштата  би можеле да го усвоиме законот, но тој да остане само слово на хартија и да не биде ефикасен при самата негова имплементација, или и самото собирање, што претставува основна идеја на Законот.

Затоа, треба да дадеме се од себе, не само при усвојување на законот, туку при неговата реализација, затоа што законот претставува изразување на високо ниво на добра волја и интересите на граѓаните. тој закон треба да заживее и во практиката. Затоа во оваа насока ги искажувам своите дилеми што се појавуваат.

Воопшто немам ни време во однос на тоа дали еден ваков закон треба да се усвои. Одговорот е апсолутно да, затоа што не мислам дека има граѓани во РМ, кои не сакаат да биде у своен еден ваков закон. Но, моето размислување оди малку подалеку. Односно, колку со усвојување на овој закон можеме да бидеме е фикасни како влада, како власт, како парламент и сите други институции што ќе учествуваат во имплементација на овој закон и другите граѓански асоцијации.

Затоа, во консултација со поширока литература, правејќи споредба со други закони во други земји, пред извесно време прашав дали се искористени сите механизми што пред се треба да ја вратат довербата на граѓаните во однос на државните институции посебно во однос на МВР. Треба да ги создадеме овие услови.

Треба да се врати довербата во овие институции, посебно во МВР каде долго време таа не постоеше. За потреба да вложиме максимални напори, со цел таа доверба да се врати, бидејки таа е многу значајна и во однос на самото доживување на овој закон како и за севкупниот живот на граѓаните. Затоа да дадеме максимални напори, прво да се врати довербата во МВР, како што тоа почна со мешаните етнички патроли, поголемо застапување на албанците во МВР, како и во другите институции што навистина се блиску поврзани со мирот и стабилноста на Република Македонија . Затоа јас мислам дека можеби малку и доцниме со една посилна пропаганда која треба да ја спроведеме и со која треба да покажеме дека МВР е отворено за секој граѓанин не зависно од етничкото потекло. Значи, иако доцниме , сепак мислам дека сеуште треба да продолжиме со овие максимални напори за да ја вратиме довербата во МВР. Мислам дека со заеднички напори на сите нас, таа доверба ќе се врати и дека граѓаните ќе имаат потполна доверба во таа институција,која се нарекува МВР.

Исто така, со цел да бидеме поефикасни во заживувањето на имплементацијата на овој закон, ние треба да говориме за едно друго прашање. Јас порано го имам истакнато ова прашање, но сега повтроно ќе го повторам.

Вршејки една комапрација меѓу овој закон и сличните закони, како на пример во Албанија и Хрватска , имав идеја дека ќе бидеме многу поефикасни и дека законот ќе биде многу поефикасен доколку ние како Република Македонија

инсистираме односно постигнеме една согласност околу тоа , враќањето на оружјето и муницијата да биде платено од страна на МВР. Имаше дилеми, имаше различни размислувања но мислам дека тоа би била најдобра варијанта за граѓаните на Република Македонија .

Јас незнам, можеби има и други забелешки дека , еве ќе им се плати и граѓаните со тоа ќе купат друго оружје. Тоа не држи, затоа што, доколку тој сака да го задржи оружјето, тој нема ни да го предаде. Значи тој што е решен да го предаде оружјето, тој не е подготвен тие пари повторно да ги вложи за да купи друго оружје, затоа што тој доколку сака да има оружје нема да го предаде, а оние кои сакаат да го задржат, тие ќе поднесат барање за дозвола до МВР, така како што е предвидено со процедурата за поседување на оружје.

На крајот би сакал да кажам нешто и во однос на добивањето на дозволи. Тука би се осврнал посебно на албанците.

До пред кризата фактички беше табу тема албанците да поседуваат оружје со дозвола од МВР. Затоа во иднина треба да бидеме многу по либерални. Сите граѓани кои ги исполнуваат условите, во согласност со Законот, независност од нивното етничко потекло, до колку тие сакаат , треба да им се дозволи да поседуваат одружје и тоа за албанците не треба да биде одбиено. Мислам дека во иднина ова прашање, МВР ќе го има предвид и ќе работи во тој правец. Затоа посебно би сакал да истакнам дека образложението кое е дадено во однос на законот, држи и дека сите забелешки сугестии што ги имав во однос на законот, доколку не ја менуваат суштината, мислам дека е во функција на ефикасноста на законот кој денес се предлага и кој ќе биде усвоен од Собранието на Република Македонија .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам,

Дозволете да ја искористам приликата, имавме обраќање на албански јазик, да соопштам дека Собранието прави проект согласно Законот и обврските кои ги имаме со МТВ, во тек е техничката документација и дека набрзо сигналот оргинален без превод ќе го транспонираме до третиот канал на МТВ за употреба на оние кој зборуваат на албански јазик дирекно да се слуша на каналот на националностите. и тоа ќе биде тогаш кога ќе завршиме со техничките подготовки , мислам дека ќе биде брзо.

Продолжуваме со расправа, господин Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Приличен број на пратеници се изјаснија по потребата за донесување на овој закон.

Моите размислувања се совпаѓаат со нивните размислувања и затоа Ќе настојувам да бидам пократок, ќе кажам нешто само во некои делови, со што сакам јас да дадам свој придонес.

Сметам дека потребата за донесување на овој закон е и текако од битно значење за Република Македонија , а тоа само од причини што има такви настани во Република Македонија , 2001 година, војната во Република Македонија придонесе голем број на граѓани противзаконски да се вооружат и денес да чуваат дома оружје, кое оружје е од голема опасност за Република Македонија . Доколку не би бил тој судир, не би имало ни потреба од овој закон, затоа што постојат закони во Република Македонија со кои можат да бидат прогонувани и казнувани лицата кои држат оружје на незаконски начин.

Законот е доброволен спрема граѓаните, ќе се избегне прогонување и казнување на истите, што во тој период 2000-2001 година ценејќи ги настаните во распадот на цела СФРЈ, па и судирите кои настанале кај нас, дојде до тоа, граѓаните, дали имало потреба или немало потреба да се вооружаат, спротивно на законот.

По однос на текдстот на законот, не би сакал многу да зборувам затоа што, тоа што го предложила Владата односно МВР, кое ќе биде и овластено за собирање на оружјето, по доброволен начин, сметаме дека тие оцениле дека на тој начин ќе можат и најлесно да го соберат тоа оружје.

По однос на времетраењето, дека ова оружје треба да се собере за 45 дена, дали е тоа доволен или не доволен период, сепак ќе покаже времето и сметам дека нема да има никакви пречки, доколку се покаже таа доброволност кај граѓаните кои го поседуваат таквото оружје, да го предадат доброволно, а истите не можат да стигнат во тој рок. Тоа ќе биде оценка на самата Влада и кога ќе треба да се изјасни и Собранието по тоа , што сметам , ако постои таква доброволност, не е спорно тој рок и понатаму да се продолжи, за извесен временски период.

Кај мене повеќе загрижува фактот што, за успешна акција е потребна политиак во овој закон бидјеки, голем дел од граѓанит екоис е наоружале на нелегален начин, сметам дека се поттикнати од политички побуди, од политички партии. Билокако и да размислуваме, сепак најголемито дел на нелегално поседување и држење на оружје е во северниот дле на Република Македонија , таму

каде што имаше и судири. Затоа е неопходна силна политичка активност од страна на сите политички фактори за да бидат убедени граѓаните таму дека навистина тоа оружје им е непотребно и дека е штетно за самите нив.

Покрај убедувањето на граѓаните дека тие треба доброволно да го предадат оружјето, потребна е уште една додатна фаза или преземање на дејствија од Владата, со измени на Законот за носење или набавка на оружје на нелегален начин. Имено постоечкиот закон да биде изменет во казнените одредби , каде што казните ќе се подигнат на далеку повисоко ниво каде што, сепак , оние граѓани кои ќе сакаат да го задржат оружјето кај себе, и покрај вољата на Република Македонија и на ова Собрание, и на политиката во целина е тие да го предадат оружјето доброволно. Веројатно ќе има голем дел од нив кои ќе сакаат да го сочуваат. За таквите граѓани кои ќе покажат непослушност и со донесувањето на овој закон, бидејки се потенцијална опасност и натаму за било какви судири во Република Македонија , дали индивидуални , за пресметување со оружје, или да се создаваат побуни од поголем обем, таму ќе треба да се пропишаат далеку повисоки кажни , кои на некој начин ќе бидат дадени на знаење, преку медиумите, покрај овој закон кој ќе ги повикува граѓаните да го предадат оружјето и до колку не го предадат во тој временски период, дека ќе следат далеку повисоки казни од оние кои досега биле пропишани. Од тие причини јас би го поддржал законот и сметам дека нема причина ниту еден пратеник да се изјасни негативно по истиот.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, минситри,

Би сакала да го поддржам донесувањето на законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи, бидејки сметам дкеа е од особено значење за Република Македонија , во дадениот момент. Не треба посебно да се нагласува дека поседувањето на нелагелно оружје се зголемув аможноста за дестабилизација на земјата, дека е перманентна закана за мирот во Република Македонија. Меѓутоа, вистински момент е овој закон да се најде пред Парламентот.

Неколку колеги пратеници во своето излагање се задржаа за рокот на предавањето на оружјето. Јас тука би сакала нешто да искоментирам.

Пред се имајки го предвид искуството на Република Хрватска, во тој правец, да кажам дека во Република Хрватска оружјето се собира 10 години. На трипати имаше закон за собирање на оружје. меѓутоа, рокот за предавање на оружјето беше

далеку подолг од овој што се предлага во нашиот закон. Незнам колку ќе биде ефикасен рокот од 45 дена за да може да се изврши доброволното предавање или собирање на огненото оружје.

Уште, би сакала да нагласам дека при собирањето на огненото оружје, неговото доброволно предавање, сакам да ги повикам медиумите, да дадат поголемо значење на предавањето и собирањето на огненото оружје, во електронскит еи во печатените медиуми. Очекувам дека пратениците во Парламентот, претставниците на Владата и Локалната самоуправа, исто така ќе бидат заинтересирани за предавањето или собирањето на огненото оружје и се разбира би и предложила на Владата односно на МВР, печатење на пропаганден материјал кој би се доставувал до локалната самоуправа, особено двојазични флајери, што е пракс аи во другите земји и кои биле од голема корист во доброволното предавање и собирањето на огненото оружје.

На почетокот кажав дека е вистински момент за донесување на ваков закон,особено заради фактот што во подготовка од  страна на Владата е закон за ратификација на конвенцијата н аОН против транснационалниот и организираниот криминал, како и Протоколот против недозволено производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти, што е дополнување на Конвенцијата на ОН, што најголем број од наши соседни земји веќе ја ратификувале, меѓи кои Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина и Хрватска. Значи со доенсувањето на овој закон и со донесувањето на законот за ратификација на оваа конвенција, очекувам дека ќе имаме и по стабилизирана и по мирна земја и по мирен регион.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор  господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Врз основа на своите  овластувања по член 92 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, како и согласно ингеренциит еод членот 133 став 1 и 2 и член 148 став, од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, на денешната седница Владата на Република Македонија го поднесе, можеби еден од најзначајните, од досега поднесените законски проекти, од областа на безбедноста и создавањето на основни претпоставки за избегнување на нарушувањето на мирот и стабилноста, а тоа е Предлогот за донесување на закон, за доброволно предавање

и собирање на огненото оружје, муницијата и експлозивните материјали, како и за легализација на оружјето кое го поседуваат дел од граѓаните на Република Македонија .

Идејата на предлагачот за донесување на овој закон, секако дека е добронамерна и за пофалба, имајќи го во вид фактот што претходната акција за собирање на нелегалното оружје, беше неуспешна и претставуваше само обична фарса во режија на меѓународниот фактор и НАТО структурите, кога всушност беа собрани само експонати, од музејска вредност, ми се чини некаде од околу 3500 парчиња. Имено сакам да кажам дека ова, заправо е закон кој барем за мене, покрај најдобрата намера на Владата, всушност е премногу дискутабилен, со многу дилеми и многу непознаници, за причините поради коисе предлага истиот да биде донесен и тоа во скратена постапка, иако во самиот предлог закон се наведени определени причини за неговото донесување, а кои се од различна природа, почнувајки од економска па до политичко безбедносни причини.

Имајки ги предвид образложените причини во Предлог законот, сметам дека се наведни сите причини од различна природа но не е наведена и главната причина поради што се предлага донесувањето на овој закон и едноставно не сакаме, незнам од кои мотиви, да ја наречеме со нејзиното вистинско име и дека таа причина е лајт мотивот за донесувањето на овој закон.

Првото прашање илипрвата дилема е зошто се повторува, една веќе спроведена, а не успешна акција за собирањето на оружјето, нешто веќе видено во минатото, што значи, начинот на кој се спроведе и субјектите кои беа вклучени во реализацијата на таа акција, се неефикасни, што значи дека веќе треба да се менува пристапот кон остварувањето на оваа цел. Имено, според редот на нештата, ако сме единствени и ако прифатиме дека Република Македонија е правна држава, со изграден правен систем, држава со сопствен Устав, сопствени закони и други позитивни прописи, воопшто не би требало да се поставува дилемата дали треба или не треба да го подготвуваме и усвојуваме овој законски проект. Имено, имајки предвид дека Република Македонија има изградено сопствено кривично-правно законодавство во кое се опфатени и регулирани сите казнени дејствија, меѓу кои и кривичното дело недозволено поседување на оружје и други експлозивни направи, не можам да ја сватам идејата за донесувањето на овој предлог закон т.е. дали овој Предлог закон не е во спротивно со веќе постоечкото кривично-правно законодавство и дали воопшто има уставен оснв за негово донесување.

Ако веќе во 2001 година, под влијание и надзор на меѓународните фактори и НАТО структурите, беше спроведена ваква акција за собирање на нелегалното оружје, вршејки при тоа силен притисок врз сите субјекти, особено врз оние кои учествуваа во воените дејствија за нарушување на територијалниот интегритет и суверенитет на државата, собраа определени количини на оружје кое недозволено го поседуваа терористичките банди и припадници на КЗК од протекторатот Косово, нормално со подршка и на домашни терористички банди, не ја гледам сега оправданоста од повторното изведување на оваа парадоксална акција. Претпостапка е дека со тогаш спроведената акција во 2001 година, беше собрано целото оружје, околу 3500 илјади парчиња, или пак макеоднската власт и меѓународниот фактор не беа во состојба да го наметнат својот афторитет, да го соберат целото оружје кое го поседуваат, особено структурите на албанските воени формации , па и на дел од албанската популација во Република Македонија .

Сметам дека беше дадена можност, со акцијата од 2001 година, за доброволно предавање на оружјето, така што, доколку се утврди дополнително дека оружје сеуште има и дека целото не е предадено, треба да дојде до автоматска примена на механизмите кои се вградени во кривично-правното законодавство.

Ако во овој момент размислуваме околу состојбите со непредаденото оружје, доколку го има, а вероватно го има, бидејки слушаме секојдневни пукотници, треба да размислуваме околу заострувањето на казните и на казнената политика, затоа што беше дадена можност за доброволно предавање на оружјето и само со ефикасн апримена на механизмите , на правната држава, можеме да очекуваме ефикансо прибирање на оружјето и на другите експлозивни направи. Но, сепак да ги прифатиме изнесените аргументи и причини на предлагачот на овој Предлог закон, а кои се, како што реков од различна природа, почнувајки од економска, значи да се добие корист од недозволена трговија со оружје, до политички мотивирано внесување на оружје во Република Македонија . Имено наведено е, и не се сомневам во тоа дека оружје доаѓа во рацете на многу субјекти, заради недозволена трговија со оружје, како еден од потешкит еоблици со криминал, а која недозволена трговија веќе има добиено карактер на организиран криминал, потоа неповолната економско-политичко безбедносна ситуација во регионот, дезинтеграцијата на СФРЈ, потоа војната во Хрватска, па во Бодсна, Косово, Јужна Србија и на крајот, се потенцира во образложениeто, нарушената политичко-безбедносна состојба во Република Македонија .

Во овој дел од образложениeто, од образложените причини не знам и не ми е јасно од кои причини се дава една ваква формулација, значи нарушена политичко безбедносна состојба во Република Македонија и зошто воените дејствија во Република Македонија не се наречат со вистинското име. Едноставно тоа беше класичен воен напад на воени структури од протекторатот Косово врз Република Македонија потпомогнати и од домашните албански терористички групации каде од албанските политички партии првично ги осудија тие дејствија на припадниците на Косовскиот заштитен корпус за да подоцна еволуираат во своите политички ставови и под параванот на борба за човекови права истите да ги оправдаат, а нормално во основата на сите дејствија всушност беше реализацијата на идеите на Призренската лига т.е. идеите за создавање на Голема Албанија. Всушност ова се причините и тоа е одговор на прашањето зошто во тој дел од Македонија има влез, или влегува оружје и тоа се главните мотиви и тој влез и недозволената трговија добија всушност и карактер на организиран криминал. Затоа со една внимателна анализа ќе дојдеме и мораме да дојдеме до заклучок дека ако има нелегално оружје и други експлозивни направи ги има особено кај албанската популација која во првата акција за доброволно предавање на нелегалното оружје, предаде не повеќе од 5% од она што го поседуваа и тоа воглавно неисправното оружје од Првата или Втората светска војна т.е. оружје со музејска вредност, или експонат. Со ова јас не сакам да кажам дека вакво оружје и кај македонската популација и кај другите национални малцинства, но доминантната количина сепак е кај албанците со оглед на постојната политижко безбедносна состојба и имајќи ги во предвид утопистичките идеи за големи држави кои идеи се најекспонирани кај албанската популација. Да не зборувам за индоктринацијата која е присутна дури и кај најмладите кои се трујат со идеите за Призренска лига, за Голема Албанија, за Тетово како трговски центар на Голема Албанија, за Скопје како најголем албански град итн. Значи, овде не се работи за вакви, или такви мотиви за недозволен влез на оружје во Република Македонија, туку доведена е во прашање едноставно лојалноста на овие граѓани кон државата Македонија. И затоа сметам дека и првата акција за собирање на оружјето беше неуспешна иако изведена под контрола на НАТО - структурите, а уште помалку верувам и во реализацијата на овој Предлог закон во кој се предвидени постапките и роковите за собирање на оружјето. Но не е предвидено едно од најзначајните решенија, што во случај ако оружјето не се предаде, т.е. какви санкции ќе има за оние кои нема да ги прифатат и реализираат идеите од овој закон.

Убаво е доколку се преземе решението, такво решение веќе има во Косово во кој закон се предвидува казна затвор до 8 години и 15 илјади германски марки за оние кои нема во тој рок да го предадат нелегалното оружје кое го поседуваат. Всушност ова е и главната дилема за неверувањето во практичната реализација на овој законски проект. Но, еве, и покрај сите дилеми кои ги искажа во претходното излагање и покрај дискутабилниот уставен основ за донесувањето на овој закон да прифатиме да расправаме по него и евентуално да го прифатиме овој Предлог закон.

Што всушност опфаќа и регулира овој Предлог закон? На кратко, тој е поделен на 5 глави каде во првата глава во членот 1 до 3 се уредува доброволното предавање на огненото оружје и муниција како и експлозивните материи, а кои неовластено ги држат поедини граѓани во Република Македонија, потоа собирањето, складирањето, уништувањето на истото како и можноста за легализација на дел од оружјето под одредени околности.

Главата 2 се однесува на органите кои се надлежни за спроведувањето на овој закон.

Главата 3 ги опфаќа одредбите за доброволно предавање на оружјето и

Главата 4 се однесува на складирањето и уништувањето на оружјето.

Конечно глава 5 се однесува на можноста и условите под кои може да се легализира дел од оружјето кое нелегално се поседува кај дел од граѓаните на Република Македонија.

Навидум предлогот е добар и можеби и треба и покрај сите дилеми да го прифатиме, т.е. да дадеме можност практично и да се реализира. Во него има и една хумана димензија, т.е. тоа е можноста нелегалното и спротивно на закон набавеното оружје од сите видови да се предаде на надлежните органи без притоа да се сноси било каква кривично-правна одговорност, или некаква друга одговорност, се мисли на прекршочна одговорност.

Но, сметам дека Предлог законот не е целосен и ќе биде доведена во прашање неговата практична реализација без притоа во него да се предвидат посебно санкциите за граѓаните кои нема да сакаат во определениот рок да го предадат инкриминираното оружје.

Прашање е колку овој закон ќе има ефект доколку исто така не се спроведе во една координирана акција со другите соседни земји. Дадени се компаративни примери за прибирањето на оружјето во другите балкански земји и наведени се методите и стимулацијата кои ги дава државата за целосно прибирање

на нелегалното оружје. Но, јас сепак, се сомневам дека доколку останеме само на добрата волја на граѓаните за предавање на оружјето без притоа да запретиме со кривично - правни санкции за оние кои нема да сакаат да го предадат оружјето, дека законот практично нема да заживее и нема да ги постигне саканите резултати.

Исто така, доколку во практичното заживување на овој Предлог закон не се вклучи активно и целокупниот албански политички фактор и не го убедат албанското население за нивната лојалност кон македонската држава, исто така се сомневам дека овој закон воопшто ќе започне со неговата практична примена. Значи, еве една голема можност албанците да докажат дека се навистина лојални граѓани на Република Македонија, а не само декларативно и дека конечно ќе исчезнат едноставно бариерите и недовербата помеѓу македонците и албанците.

На крајот сакам да потенцирам дека поради вербата, или увереноста дека сепак чувството за лојалноста кон Република Македонија од страна на припадниците на албанската заедница ќе биде изразено до крај преку предавањето на огненото оружје и другите видови на експлозивни направи и тоа доброволно, ќе овозможат со тој чин и практично овој предлог да заживее со неговата практична примена и не треба да се плашат доколку пристапиме кон една многу поостра казнена политика било преку овој закон, било преку кривичното законодавство на Република Македонија, затоа што собирањето на нелегалното оружје едноставно е во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Михајловски Јордан.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Денес пред законодавниот дом се наоѓа еден значаен законски проект чие спроведување  е во функција на остварување на мирот и стабилноста во државата, јакнење на довербата во институциите на системот и функционирањето на правната држава над сé. Затоа во оваа смисла Предлогот за донесување на закон за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материјали и за легализација на оружјето треба да се оцени позитивно. Затоа што неговата суштина е воспоставување на ред и контрола во оваа суптилна област.

Проценките укажуваат на тоа дека во државата постои енормно ниво на неконтролирано поседување на такви количини оружје и муниција што е незавиден потенцијал и за поголеми земји од нашата, што пак е опасност за стимулирање на разни злоупотреби, ексцеси на кои сме сведоци и деновиве. Оттука е разбирливо настојувањето на Владата која при предлагањето на законот се раководела од потребата за зачувување на стабилноста, мирот и безбедноста. Земјите во нашето окружување секоја според своите специфики го избрала својот модел за решавање на проблемот. Затоа на понудениот законски модел од Владата треба да му се даде поддршка. Ниеден модел сам по себе не ги решава состојбите. И најидеален закон и модел сам по себе во еден здив и кампања нема да го реши и надмине сето она што е таложено повеќе од 10 години. Затоа, почетокот е симболичен и повеќе значаен од повеќе аспекти. Фактот што во раце на поединци и групи од повеќе етникуми се наоѓа енормна количина на оружје, а тоа го има и кај албанците и кај македонците и кај други е анахронизам од аспект на современите цивилизациски текови на животот. Социолошки гледано сето тоа директно стимулира општество со нарушени вредносни категории со едно големо сомневање во повреда на човековите права за мирен и безбеден живот. Затоа доколку некој од било која позиција овде лично, или партиска нова акција има и најмала резерва, нема ниту трунка рационално толкување со кое би можело да се оправда таквиот став. Задоволство е да се чуе денеска дека ставовите ни се приближуваат. Денес ни е потребен консензус по законот на сите партии кои учествуваат во работата на Собранието, но и на другите, затоа што само така преку консензуалниот политички блок можат да се охрабрат граѓаните во демократската постапка на Владата во големата општествена акција на предавање и легализација на оружјето.

Нешто што посебно сакам да потенцирам е дека за прв пат од постоењето на оваа држава граѓаните добиваат гаранција дека имателите не се евидентираат и не се казнуваат за поседување на оружјето и им се гарантира правото во согласност со закон без докажување на потеклото и да можат да го легализираат. За да акцијата успешно се одвива не е доволен само политички консензус, туку политичарите треба да дејствуваат на теренот, ова го мислам и за нас пратениците, меѓу граѓаните и доколку граѓаните не се анимираат со директно влијание на нивната свест за тоа што нуди акцијата и мислам дека само така предвидениот рок од 45 дена може да биде поволна општествена, но и психолошка рамка акцијата да биде успешна. Акцијата треба да биде охрабрена, темелна и со преиспитување на постапката за претходно делење оружје преку институциите на

државата што е во функција на охрабрување, но и јакнење на взаемната доверба со што акцијата добива атрибут на широка општествена акција. Нејзините ефекти ќе треба допрва да се валоризираат, а ако е потребно мислам дека ќе има потреба и да се дефинира нејзиниот континуитет и понатаму како што е пракса и во другите земји во окружувањето.

Најзначајно во овој момент покрај посакуваните ефекти е симболиката акцијата да создава свест за амбиент и потреба да се живее без оружје и да ја вратиме довербата во функционирањето на правната држава која функционира еднакво за сите етникуми и граѓани, довербата во институциите на системот и соживотот како наша судбина. Тие пораки јасно и недвосмислено треба да бидат најголемата и темелна поткрепа на целата акција. Законот треба да ги прифатиме и како дел од обврските што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор и целосно зацртаната проекција за гарантиран мир, етнички соживот и стабилност. Несомнено дека и Меѓународната заедница дава поддршка на оваа наша акција како дел од обврските што треба да ги сработиме сами во приближувањето кон Европската унија. За овој закон јас ќе гласам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас како и сите други претходни пратеници кои дискутираа по оваа точка од дневниот ред, секако дека ќе дадам целосна и безрезервна поддршка во донесувањето на овој закон и напорите за негово што поуспешно спроведување. Меѓутоа, сакам да истакнам дека многу е битно што сите дискусии без разлика, од пратениците кои беа искажани денеска од која политичка партија доаѓаа, беа позитивни без исклучок и дека во сите дискусии имаше силна решеност и политичка волја да се поддржи овој закон, односно акцијата да биде што поуспешна. Затоа, нема да дискутирам по содржината на законот, туку само накратко ќе се задржам на два момента, политички момента кои ќе следат по спроведувањето, односно по завршувањето на акцијата за собирање на нелегалното оружје и за легализација на оружјето.

Сметам дека после спроведувањето на оваа акција Министерството за внатрешни работи и Владата на Република Македонија ќе имаат сеуште работа и

тоа за она преостанато оружје кое нема да биде во 100% предадено во оваа акција, за доброволно предавање на оружјето. Сметам дека за да се даде целосен политички легитимитет и целосна политичка поддршка јасно изразена поддршка и безрезервна на Владата и на Министерството како надлежна институција, после оваа акција треба да следи одлучна примена и доследна примена на законот од страна на Министерството за внатрешни работи во однос на сите оние потенцирам, граѓани без разлика на партиска припадност, без разлика на национална, или било каква друга припадност, или по било кој друг основ доколку и натаму поседуваат нелегално оружје. Тоа накратко значи дека сакаме, односно ја повикуваме Владата и и даваме поддршка на Владата и на Министерството за внатрешни работи на дело да докаже дека е спремна доследно и ригорозно да го почитува и да го спроведува законот буквално на целата територија на Република Македонија, доколку се утврди дека било каде некој по било кој основ поседува нелегално оружје. И согласно тоа беше кажано во комисиската расправа и од претставниците на Владата ќе следат измени и во Кривичниот закон во смисол на заострување и зголемување на санкциите за поседување на нелегално оружје, што секако треба со една широка поддршка од Парламентот, од сите политички партии, од јавноста, од медиумите поддржана, секако и од Меѓународната заедница навистина да се покаже дека правната држава функционира доследно и да се охрабри Владата да биде што подоследна, што поконкретна и поригорозна во примената на законот понатаму, доколку се утврди дека навистина постои основ за тоа. Бидејќи сепак, одземањето на нелегалното оружје е приоритет и интерес на сите граѓани на Република Македонија, ја зголемува безбедноста на државата и приоритет и заложба на сите партии.

И една друга работа која сакам да ја истакнам, не би сакал да ја коментирам работата на поранешната власт во врска со издавањето на оружје легално во процедура од страна на Министерството за внатрешни работи во поранешниот состав на Владата. Секако дека има основ за сомневање дека многу дозволи кои се издадени на незаконит начин, односно доколку има такви случаи лица кои се здобиле со оружје да го поседуваат легално со дозвола, меѓутоа не ги исполниле условите за поседување на оружје, Министерството за внатрешни работи за тоа нема потреба од донесување на посебен закон, во рамките на постојните свои овластувања да спроведува напоредно акција за проверка на постапките на доделување на оружје, односно дали сите лица кои се здобиле со дозвола за легално поседување на оружје, дали навистина ги исполнувале условите за

поседување на оружје. Значи ова е многу битен момент покрај доброволното предавање и легализацијата на веќе постојното оружје доколку се исполнуваат услови за легализација, веќе и она што е издадено и за кое постојат веќе дозволи да се направи дополнителна проверка, меѓутоа тој процес да тече паралелно. Се надевам дека Министерството за внатрешни работи има ингеренции за тоа забрзано да се направат такви проверки со цел и по овој основ да се намали ризикот од поседување на нелегално оружје, односно поседување на оружје со дозвола за лица кои не ги исполнуваат условите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави г. Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека е несериозно од било кој овде во салата дури и како лапсус да каже дека една државна институција дали во овој, или во претходниот, или во било кој период од егзистенцијата на македонската независна држава работела незаконски, односно како што беше посочено во случајов дека во одреден временски период Министерството за внатрешни работи на Република Македонија издавало дозволи вон законските рамки на кои е обврзано Министерството за внатрешни работи. Како илустрација на дневен ред се наоѓа Предлог на закон за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето. Значи, априори ние се доведуваме во ситуација да се сомневаме во постапките на одредена македонска државна институција, додека како држава истовремено преземаме одредени законски мерки на лица кои поседуваат нелегално оружје да им овозможиме во законска рамка тоа исто оружје да го легализираат. Затоа би сакал во иднина да се занимаваме кога зборуваме за овој закон исклучиво за законот, исклучиво нашата поддршка како Собрание на Република Македонија можеме да ја дадеме на два основа. Прво, со тоа што ќе му дадеме поддршка на овој закон. Второ, со нашето однесување како пратеници кои се избрани од граѓаните на Република Македонија. Тука завршуваат во голема мера нашите обврски за да не се стекне кампањски впечаток во целата оваа атмосфера на донесување на законот. Законот понатаму ќе биде оперативно спроведен на начин како што е регулирано со учество на овие, или на оние институции на Република Македонија така како што е формулирано со членовите во Предлог законот за собирање на оружјето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да одиме на пауза господинот Петковски бара процедурално.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Сакам да ги замолам членовите на Комисијата за одбрана и безбедност за една кратка консултација во врска со амандманот на Владата што го добивме непосредно пред седницата на Собранието, во сала 81.

Второ, ако дозволите, веројатно ќе се задржиме 15-20 минути, ако може да ни ја продолжите паузата за ручек.

(Пауза од 14,05 до 15,15 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,20 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со расправа по Втората точка.

Има збор господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа еден Предлог на закон од само 11 членови, исклучително краток, меѓутоа, истовремено и исклучително значаен проект. Се согласувам со претходно веќе изнесената констатација дека ова можеби е еден од најважните закони што овој парламентарен состав во својата досегашна работа треба да го донесе, односно да го усвои. Закон чие доследно и ефикасно применување во вистинска смисла на зборот може да даде решавачки придонес во стабилизирањето на состојбите во безбедносен план.

Овој закон, као што покажува и неговиот наслов, има за цел собирање на нелегалното оружје, а истовремено му дава можност на секој поединец, доколку ги исполнува условите од Законот за набавување, поседување и носење на оружје, без испитување на потеклото на оружјето, истото да го легализира. Очигледно е дека премногу црно оружје има во рацете на граѓаните на Република Македонија. Поради тоа имаме премногу мајки завиени во црно, премногу несреќи и премногу трагедии. Стапката на криминалот ни е исклучително висока.

Овој закон е неопходен за враќање на мирот и стабилноста кај обичниот македонски човек. Закон кој нестрпливо и со огромна доза на одобрување го очекува секој добронамерен граѓанин на оваа земја. Според модалитетот,ова е закон кој

треба да ги стимулира граѓаните доброволно да го предадат оружјето кое нелегално го поседуваат, во определен законски рок, без идентификација на сопствениците на оружјето, што во суштина значи нивно ослободување од гонење и било какви санкции за дејствија кои претставуваат кривично дело.

Сметам дека овој модел на стимулација, имајќи ги предвид можностите на Република Македонија и искуството на другите земји во регионот во поглед на решавањето на ова прашање, добро е избран. Исто така, сметам дека најголем мотив на граѓаните доброволно да го предадат оружјето ќе биде ако сватат дека после предвидениот законски рок ќе се соочат со засилени контроли на откривање на нелегално оружје, чие поседување драстично ќе биде санкционирано. Затоа е подобро и потребно, паралелно со реализацијата на овој закон, да се преземат активности за измени и во Кривичниот закон со кој многукратно ќе се заострат санкциите за нелегално поседување на оружје.

Имајќи го предвид ова, а со цел да се постигне максимален ефект, сметам дека спроведувањето на Законот треба да биде проследено со обемна и агресивна медиумска кампања. Секој имател на нелегално оружје треба да свати и разбере дека ова е последна шанса, без никакви санкции да го предаде оружјето што нелегално го поседува. После тоа не смее и не треба да има пардон за никој, без разлика на етничката, верската, политичката или било која друга припадност. Мораме сите да сфатиме дека само на тој начин можеме да ја сочуваме Реппублика Македонија, како заеднички дом на сите граѓани што живеат овде. Само на тој начин ќе можеме да се спротивствиме на сите криминални банди и корумпирани политичари во нивните обиди да ја дестабилизираат оваа земја и преку општ хаос и неред да ги остварат своите црни сценарија, кои немаат ништо заедничко со времето во кое живееме и со европските и светски трендови кон кои се стремиме. Напротив, тоа се сценарија кои не враќаат во мрачниот вилает на 19-тиот век.

Затоа, не смееме да си дозволиме уште една парадерска акција на собирање застарено оружје во минимални количини како што беше таканаречената “Жетва” во септември 2001 година. Овој пат тоа мораме да го направиме многу поефикасно и посеопфатно. Мене ме радува фактот дека сите релевантни политички субјекти во Република Македонија, кои треба да одиграат клучна улога во успешната реализација на овој законски проект, официјално безрезервно го поддржуваат. Меѓутоа, политичките партии мора да покажат на терен, преку активноста на своите активисти дека таа поддршка е суштинска, а не само декларативна. Мораме да ги

убедиме луѓето, посебно во регионите со кревок мир, дека правната држава, а не оружјето кое нелегално го поседуваат, може да биде гарант за нивната безбедност.

Исто така, би сакал да укажам на неопходноста од координирани активности меѓу земјите во потесниот регион во борбата против ова заедничко зло, олицетворено во присуството на огромно количество на нелегално оружје, кое претставува главен генератор за нивната нестабилност. Ништо нема да се постигне и под претпоставка ние да реализираме ефикасна акција и да ја исчистиме нашата територија, ако истовремено во земјите од соседството не се преземаат слични активности во континуитет. Сметам дека само заедно како регион можеме да го држиме овој проблем под контрола.

Затоа, треба да се поддржат, а истовремено да им се даде и нов импулс на сите напори што нашата дипломатија и претставниците на Министерството за внатрешни работи ги прават во еден подолг временски период овој проблем да го издигнат на повисоко ниво и да му дадат регионален карактер во соработка со соодветните структури на земјите на Југоисточна Европа. Само на тој начин може да се забрза процесот на стабилизирање на мирот и безбедноста на земјите од регионот, како основен предуслов за нивен економски развој и просперитет.

На крајот, уште еднаш сакам да ја искажам својата полна поддршка кон овој законски проект и се надевам дека истиот ќе биде успешно спроведен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Со својата дискусија би сакал да дадам придонес во донесувањето на овој закон, со кој се решава еден многу значаен и акутен проблем во Република Макдеонија, Впрочем, тој веќе втор пат се наоѓа на дневен ред на Собранието на Република Македонија. Прв пат беше 2001 година после војната и тоа јасно зборува за значењето на овој проблем за безбедноста на Република Македонија.

Причините поради кои се донесува беа наведени во Предлогот на законот, а тие се општо познати, а тоа е проценката односно сознанието дека граѓаните во Република Македонија поседуваат големо количество на нелегално оружје. Зошто

состојбата е ваква многу од колегите кажаа, јас само би повторил, а тоа се надворешни и внатрешни причини. Од надворешните причини би ги спомнал нередеите и безредието во Албанија, војните во поранешните југословенски републики, во Босна и Херцеговина, во Хрватска, воениот конфликт во Косово 1999 година, а од внатрешните би ја споменал традицијата за поседување на оружје на граѓаните на Република Македонија, војната која ќе се случи во 2001 година, како агресија од Косово, поддржана од локалното население во Република Македонија, како и слабо обезбедената граница спрема Албанија и Косово. Можеби постојат и многу други, само јас се обидов да кажам некои од позначајните.

Проблемот со оружје дека не е безначаен зборува и тоа дека имаше иницијатива уште 1999 година од тогашната Влада, практично се обиде да се направи проект, кој ќе биде дел од Пактот за стабилност, во кој ќе бидат вклучени сите балкански држави во кои проблемот со поседувањето нелегално оружје е присутен и значаен за стабилноста на нивните држави. Реков дека постои односно има сознанија и општо е познато дека постои големо количество оружје, но Владата на Република Македонија во овој закон не се обиде да даде проценка колкава е таа бројка, иако многу е тешко тоа да се процени, како по вид така и по количина и колку се очекува да се собере оружје по овој закон. Мислам дека, доколку се дадеа некои бројки, што ќе беа привидни и ќе беа проценки, меѓутоа, ќе беа аргумент и обврска повеќе за да ги видиме ефектите од овој закон. Инаку, во спротивно, како што се кажуваше на Комисијата и овде, можеби едно парче оружје ќе беше доволно ако со оваа акција собереме. Јас би рекол дека можеби бројот на собраното оружје не е толку важен, колку што е важна постапката и процедурата дека се дава можност на граѓаните на Република Македонија, независно од нивниот етнички состав да го предадат тоа нелегалн о оружје и еднаш засекогаш да се спасат од обврската дека ќе бидат казнети или дека ќе може да направат нешто кое што е нелегално во Република Македонија.

Методот кој што се одбра со овој закон е доброволно предавање на оружје и од трите методи кои беа приложени во објаснувањето на овој закон, јас сметам дека е најповолен, иако постојат покрај него развој на локалната самоуправа, што многу лошо ќе влијаеше, бидејќи знаеме дека во одредени региони е лоцирано поголемо количество нелегално оружје. Исто така, пари за предадено оружје, е многу непопуларно, бидејќи покрај тоа што е направен прекршок, сега ќе треба да се добијат и пари за тоа. Значи, доброволното предавање оружје можеби е најсоодветното, иако се сомневам, пак ќе повторам, во големиот ефект од оваа

акција, бидејќи учествував и во претходната акција во 2001 година, во која иако очекувавме дека ќе се собере повеќе оружје, тогаш беше и Рамковниот договор, значи имаше и причина и мотив да се собере нелегалното оружје, ќе се усвои Рамковниот договор,меѓутоа се собраа само 3500 парчиња оружје од кои според мое сознание, бидејќи бев присутен на тоа собирање, беше претежно старо и неисправно оружје, така што граѓаните кои го поседуваа оружјето за време на војната и си го задржаа а можеби во подоцнежниот период и си го зголемија.

Мотивација за предавање на оружјето нема никаква, евентуално опасноста дека ќе бидат подоцна откриени и казнети тие кои го поседуваат ова оружје. Значи, сега во моментот оставено е на волјата на тие кои го поседуваат за да го предадат оружјето. Меѓутоа, дали ќе го предадат или не, многу зависи од причините и мотивите поради кои што го поседуваат тоа оружје. Некој од колегите спомна, јас пак би спомнал дека многу често се користи дека оружјето се поседува од криминални цели, меѓутоа, јас би сакал да ја споменам и причината - политички цели, бидејќи од 2001 година наваму тоа се покажа како реалност и се плашам, понатаму, доколку не се изврши собирање на ова нелегално оружје и не се спречи натамошното поседување или добивање на уште нелегално оружје, ќе може од политички причини да биде многу опасно за мирот и стабилноста во Република Македонија.

Зошто реков дека не сум убеден од големиот ефект од собирање на ова оружје? Би рекол дека сеуште постојат региони и области во Република Македонија, каде државата не ги контролира, односно пристапот до нив без согласност или случајното собирање на локалното население не може да се изврши. Значи во тие региони многу е објективно тешко да се спроведе некоја ваква акција.

Второ, бидејќи мешаните политички патроли, според мои сознанија и сознанијата на луѓето, сеуште се само формални и парадни, значи уште ја немаат онаа функција која што треба да ја имаат, незнам до кога понатаму ќе треба да чекаме уште, за да не бидат овие патроли и тоа зборува дека многу тешко ќе биде ефектот да биде поголем отколку што се смета.

Исто така, раселените сеуште не се враќаат во своите домови. Би го спомнал Арачиново, често говорам за нив, кумановско липковскиот регион, тетовскиот регион, а причините за нивното враќање се едни единствени - безбедноста. Значи, тие луѓе не се чуствуваат безбедни за да се вратат таму. А нивната безбедност за сега не може да ја гарантира државата. Воедно, и локалната самоуправа, иако таму декларативно се кажува дека се безбедни, мислам дека и тие неможат да им ја гарантираат безбедноста, што исто така ми дава сомнеж во ефектот на оваа акција,

бидејќи за раселените, нивното враќање е еден од најголемите индикатори за безбедноста во тие региони, бидејќи доколку тие се вратат, сметам дека би биле сигурни дека безбедноста е вратена во овие региони.

Јас ќе го поддржам овој закон и ќе дадам свој придонес во неговата реализација, но мислам дека политичките партии од сите ентитети, особено од албанските и позицијата и опозицијата од овие партии, треба да даде свој максимален придонес во реализацијата на овој закон. Нормално, локалната самоуправа, бидејќи таа е единствената таму која сега функционира и од државните органи легитимно може да даде не само декларативен туку вистински придонес во пропагирањето на тоа дека со предавањето на оружјето ќе се врати мирот и безбедноста во овие региони и ќе се врати довербата кон државата. Доколку тоа не се случи, ние мораме да сметам дека овие услови не се исполнети и дека понатаму ќе има една латентна нестабилност во Република Македонија.

Покрај тоа, треба да има поголеми казнени мерки. Министерот на седницата на Комисијата најави дека од есен тоа ќе се случи. Впрочем, и во Косово и во образложението е кажано дека поседувањето на нелегално оружје во најмала рака ќе значи казна од осум години затвор. Се надевам дека и нашите ќе одат во таа насока.

Уште нешто би сакал да напоменам, дека покрај ова,исто така е значајно да се каже доколку и понатаму не се предаде ова нелегално оружје, во натамошниот период, доколку се оцени дека во некој регион, област или маало постои нелегално оружје, а особено ако од тоа нелегално оружје јавно се загрози безбедноста на одредени луѓе или на јавната безбедност на некои јавни објекти дека ќе има систематски претрес и пребарување на тој реон, независно од нивната етничка структура и припадност и дека се што ќе биде најдено како нелегално ќе биде подложено на ригорозни казнени мерки. Тоа сеуште не е почуствувано во Република Македонија. Би требало да се покаже дека и ваква мерка ќе биде употребена и сметам дека ќе биде една од најзначајните.

Од министерот слушнавме дека ова е последна акција, значи кој предаде, предаде, понатаму веќе нема амнестија и на некој начин ова е некоја форма. И јас би сакал да биде така и да заземеме став дека ова е последно, да не испадне дека пак ќе имаме следна акција и да не испадне дека во Република Македонија се е можно.

Што се однесува до составот на Координативното тело, ние сега имавме и Комисија, со амандманот од Владата кој стана составен дел, јас би кажал дека ние

на претходната расправа на Комисијата го усвоивме амандманот од господинот Тито Петковски, со кој се задолжува Комисијата за избор и именувања да предложи состав на ова Координативно тело. Го поддржав тој амаднман тогаш и сметам дека е исправен, бидејќи како Собрание на Република Македонија, како пратеници, со донесувањето на овој закон и со општата поддршка, да речам консензуална, што ја даваме на овој закон, практично ја изразуваме нашата политичка волја, а понатаму врз основа на Законот Владата на Република Македонија треба да го спроведе овој закон максимално што може подобро и да даде отчет, односно да даде извештај за она што е сработено согласно Законот. Сметам дека со поднесувањето на овој амандман повторно, односно отприлика да се врати на првобитниот текст, Владата сака на некој начин да избега од одговорноста која треба да ја преземе за спроведувањето на оваа акција и сака во најмала рака да го сподели со Собранието на Република Македонија, меѓутоа сметам дека не е вред, бидејќи ние сме сепак овде законодавен дом.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, господине Трајановски.

Има збор господинот Хусеини Хусеинџеват.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Почитувани колеги, го поддржувам овој закон, со надеж дека ќе се спроведува на сосема неселективен начин и дека ќе го донесе мирот кој го посакуваат сите граѓани на Македонија. Меѓутоа, Ве потсетувам дека најдобриот закон за пацификација на земјата е "Конкордија цивирум...", тоа е латинска изрека, што значи дека во мирувањето на граѓаните е зајакнувањето на градот. Мислам дека сум јасен. Доколку ова го постигнеме, да бидат аргументите нашата сила, а не силата да ја користиме како аргумент.

Подготвеноста за лојалност постои и никогаш не недостасувала. Меѓутоа, сите ќе се согласиме дека лојалноста не е облигативна категорија, туку таа треба да се заслужи. Јас и натаму мислам дека трагичните настани кај нас беа последица на политичката кратковидост и дело на "Јавачите на апокалипсата", кои за среќа се намалуваат на политичката сцена на Македонија, но за жал и натаму живеат, било да се тие видливи или невидливи, што се уште поопасни.

На овој закон му посакувам успешен епилог, а исто така посакувам и посодветна политичка клима, со цел оваа акција да заврши успешно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Хусеини.

Мислам дека обидот за превод беше “Конкордиа патриа фирмат - слогата ја јакне државата”.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Денеска пред нас се наоѓа Предлогот на закон кој, поради своето значење, навистина го свртe вниманието на јавноста во Републиката.

Неспорна е констатацијата дека во Република Македонија неовластено се поседува големо количество не само на оружје и муниција, туку и на разни видови експлозивни материи.

Секојдневните извештаи на печатените и електронските средства за информирање се преполни со убиства, вооружени пресметки на разни криминални групи, престрелки помеѓу поединци каде несомнено се користи оружје, муниција, експлозиви кои неовластено се поседуваат.

Очигледно е дека Република Македонија со својата географска положба е средиште на недозволената трговија со оружје на овие простори што се создаде како резултат на воените дејствија во поранешна Југославија, нередите во Албанија, вооружениот судир на Косово и случувањата во 2001 година во Република Македонија.

Од овие причини ја поздравувам иницијативата на Владата на Република Македонија за донесување на закон за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција, експлозивни материи и за легализација на оружјето, но мислам дека не треба да застанеме само на оваа иницијатива, туку без разлика какви ќе бидат ефектите од примената на овој закон. Потребно е да се исцрпат сите можности и начини за собирање на нелегалното оружје.

Предложениот текст на законот со прифатените измени кои беа предложени од Комисијата за одбрана и безбедност овозможува реализација на организираното собирање на огненото оружје, муниција и експлозиви.

Успешната примена на овој закон и ефектите кои ќе се постигнат во голема мера ќе зависата од начинот, формата и територијалната покриеност со медиумската кампања што ќе се води во Републиката утврдена со Националната програма што ќе ја донесе Координативното тело.

Исто така, огромно влијание врз елиминацијата врз недозволената трговија со оружје ќе има што поскорото донесување на новиот закон за набавување, поседување и носење на огнено оружје каде постапката за добивање на дозвола ќе биде брза, едноставна и либерална.

Исто така и измените на Кривичниот закон кој се најавуваат и ќе се однесуваат на построгото санкционирање на прекршителите на законот ќе биде дел од овие активности.

Почитувани колеги, лично очекувам дека сите ќе го подржиме овој предлог на закон и ќе гласаме за неговото донесување.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Со формирањето на новата Влада на Република Македонија граѓаните со право очекуваат работите во нашата држава да тргнат на подобро и дека сето тоа ќе се одвива навистина со едно забрзано темпо.

Убеден сум и воедно ве убедувам дека предизборните ветувања на коалицијата За Македонија заедно не се обична реторика, туку ќе даде резултати во работењето како на Владата, така и на Собранието на Република Македонија.

Се разбира, во овој изминат период беше направено многу, но би сакал да бидам искрен многу работи можеа и до сега да се направат. Имено, факт е дека некои работи за кои граѓаните ни ја дадоа својата доверба и легитимитет, треба да се спроведуваат со побрзо темпо. Еден од најголемите приоритети на нашата Влада без сомнение е враќање на стабилноста и безбедноста на целата територија на Република Македонија и на сите граѓани кои живеат во неа. Во склоп на таа заложба денеска пред нас се наоѓа Законот за доброволно предавање на оружјето кој требаше да биде донесе и спроведен порано. За жал, и претходната Влада не собра сили да го предложи и да започне со спроведување на ваквиот закон од кој, со право, се очекува многу. Денес во Република Македонија секојдневно сме сведоци на немили настани поврзани токму со поседувањето на нелегално оружје од страна

на граѓаните. Јасно е дека секогаш можеме да се оправдуваме со аргументот дека сакале да признаеме или не, сеуште живееме во постконфиклтната реалност во нашата држава. Но, ние немаме друг избор, освен да се соочиме со суровната реалност и да се обидеме, се разбира истата и да ја промениме.

Почитувани пратеници,

Претходно кажаното е само искрен и реален приказ на состојбите во нашата држава без апсолутно никаква намера да се побегне од одговорноста која и ние како кокалицијас ја споделуваме. Но, неопходно е да се има предвид се она кое во нашата држава се случуваше во изминатите неколку години. Сепак, би било крајно наивно, па дури и несезриозно да се прескокне фактот дека проблемот со нелегалното оружје во Република Македонија, но и во поширокиот регион постои со години ако не и со децении. Многубројните конфликти кои го зафатија регионот во последните години како и различните интереси кои повеќе држави сакаат и сеуште сакаат да го реализираат во Република Македонија и тоа на разни методи влијаеја во нашата држава да се натрупа оружјето и тоа да стане дневен декор во нашето живеење, па дури и да го имаме во нашите училишта.

Затоа, јасно е дека надминувањето на лошите состојби на ова поле не може да се очекува да заврши преку ноќ, туку дека тоа е процес кој трае. Како што е познато тој кај нас е започнат уште со акцијата "Суштинска жетва", но наместо подоцна истата да продолжи со акција за доброволно предавање на оружјето за тогашната акција тогашната Влада, за жал, немаше политичка волја. Сепак ваквото нешто не не амнестира од политичката одговорност што до сега Владата на Република Македонија во која партиципира и ЛДП не презеде доволно активности на ова поле. Со право граѓаните очекуваат да делуваме побрзо и поефикасно во овој правец и секако е за поздравување тоа што конечно ваквиот проект се најде и пред нас пратениците во Републичкиот парламент.

Денес нашата државата се наоѓа во постконфликтна фаза во која по дефиниција било каква иницијатива, активност и сличност се реализира во многу потешки околности особено кога се работи за санирање на последиците на неодамнешните судири. Дополнителна тешкотија, се разбира, претставува фактот што се соочуваме со сеуште ранливи, кревки меѓуетнички односи. Но, не треба да бегаме и наместо да се бега од проблемите, како што тоа претходно се правеше, за жал, ние се соочуваме со нив и се обидуваме да ги решиме. На моменти можеби со бавни, но во секој случај со сигурни чекори.

Она што е најважно е тоа дека се поседува политичка волја која никој не може аргументирано да ја оспори, бидејќи јасно е нашата работа ќе мора да даде резултати. Истовремено силно сме подржани, за тоа мора да бидеме свесни и јавно да го кажеме од страна на меѓународниот фактор чија помош и поддршка, да бидеме уште попрецизни и пореални, во овој момент е неопходна и би рекол неодминлива.

Би било навистина несериозно доколку мислиме дека овие состојби можеме да ги надминеме сами, бидејќи и кога би биле успешни, таквото нешто би било од привремен карактер, а оружјето повторно би се слеало во нашата земја, за жал. Сепак, она што е најважно е дека македонското Собрание на предлог од Владата на Република Македонија го разгледува денеска овој закон. Значи, не се работи за иницијатива на меѓународната организација, ниту на било кој репрезент на меѓународната заедница. Иницијативата е наша, а следствено на тоа и на граѓаните на Република Македонија. Оттука, и одговорноста за успешната реализација за проектот доброволно предавање на оружјето ќе биде наша и само наша на граѓаните на Република Македонија. Сметам дека во оваа смисла подеднакво одговорноста треба да ја делат и Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија .

Се разбира би се осврнал малку поконкретно на текстот на законот и очекувањата во врска со неговата примена, се разбира, доколку биде изгласан во Парламентот.

Најпрвин со самиот факт дека на ни едно официјално ниво не се оперира ни со една цифра за возможното присуство на оружјето во Република Македонија во овој момент, постои опасност од неуспех на акцијата на предавање на оружјето. Не го делам ставот дека секое количество на собрано оружје е само по себе успешно спроведена акција. Ова од проста причина што истиот став постоеше и при спроведување на акцијата “Неопходна жетва” во која беше собрано далеку помало количество на оружје од очекуваното, но акцијата сепак некој ја прогласи за успешна.

Почитувани пратеници, акцијата ќе биде успешна единствено ако по нејзиното завршување количеството на оружје на теренот биде помало и ако тоа навистина забележи реални параметри. Тука, пред се, мислам на намалување на криминалот и постконфликтните активности, на вооружените престрелки кои помалку, но сеуште ги има во поранешните кризни региони, потоа на количеството оружје пронаоѓано при рутинските проверки на полицијата. Едноставно, граѓаните да

имаат реално чувство дека состојбата ќе се стабилизира и дека навистина нивната безбедност ќе се врати, затоа што количеството на оружје во оптек се намалува. Само тогаш вистински, а не декларативно овој закон и неговата примена ќе имаат тежина и ќе можеме да ги сметаме и официјално како успешни. Во таквиот успеј удел ќе има и Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија.

Дополнително сум задоволен што по овој закон се дава можност за легализација на оружјето што се поседува без испитување на неговото потекло, се разбира доколку се исполнуваат законските услови. Сметам дека и ова е доволен поттик на граѓаните да се јават на пунктовите кои ќе бидат определени за собирање на оружјето и доброволно истото го предадат. Постојат компаративни искуства кои укажуваат на поинакви меанизми, за што и претходниците на оваа говорница зборуваа, меѓутоа, како што е на пример паричните надоместоци или инвестирање во локалниот регион, но практиката ќе покаже дали анализите на предлагачот врз основа на кои се решава сето ова во целост некои од овие модели се издржани.

Имено, сметам дека најголемиот поттик на граѓаните сепак треба да биде нивната сигурност и безбедност. Тоа треба да им го гарантира македонската влада, ако и кога акцијата успешно ќе биде спроведена. Тоа треба да ја подигне волјата на граѓаните на Република Македонија да се јават на пунктовите за предавање на оружјето. Затоа сметам дека од исклучителна важност да се покрене една широка медиумска кампања во однос на поседување на нелегалното оружје и потребата од неговото прибирање и се разбира предавање.

Од тие причини би сакал да му сугерирам на тоа координативно тело што ќе се формира да оддели посебно место во предвидената национална програма. Истиот став го делам и по однос на спорното прашање во врска со законските рокови за спроведување на акцијата во целост. Имено, треба да ни биде јасно дека роковите можат да се продолжуваат во недоглед и недоглед. Кај граѓаните треба да успееме во заложбата дека едноставно со присуството на толкави количества на оружје на терен безбедноста секогаш ќе биде загрозена.

Се разбира, во интерес на сите граѓани на Република Македонија, повторувам, сите 120 пратеници во Собранието на Република Македонија да го изгласаме овој суштински законски проект. Покрај она што до сега имавме можност да го слушнеме овој предлог ќе биде прифатен како од опозицијата, така и од позицијата и тоа како граѓани на Република Македонија што, се разбира, треба да не радува.

Би сакал да потсетам и да сугерирам дека во неговото спроведување посебна подршка очекуваме како од медиумите, така и од граѓанскиот сектор кој е исклучително битен кога се прават вакви проекти.

Почитувани пратеници, Пратеничката група на ЛДП целосно ќе застане и ќе гласа за предлог законот, а истовремено лично, се разбира и од името на Пратеничката група би сакал да ја изразан нашата подготвеност да бидеме на целосно располагање во натамошниот процес на разоружување во Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, колеги пратеници,

Многу работи околу овој законски предлог веќе беа кажани од претходните говорници, меѓутоа, сепак накратко збор - два би кажала нешто околу овој предлог.

Пред се да кажам дека ја подржувам иницијативата на Владата на Република Македонија за донесување на еден ваков предлог за собирање на нелегалното оружје, меѓутоа, би кажала дека законите се носат, пред се, за да постигнат некоја цел. Но, во овој случај многу е дискутабилно колку овој закон ќе ја оствари својата цел од една проста причина што ниту е позната бројката, ни барем приближно колку нелегално оружје има на територијата на Република Македонија, ниту постои во предлогот некаков лимит на оружје кое би било собрано, а би значело успешна акција во собирање на нелегалното оружје.

Сепак ќе се согласиме сите дека секое оружје кое ќе биде доброволно предадено и кое ќе биде собрано во ваквата акција, пред се ќе значи добра волја на поседувачите на ваквото оружје да дадат придонес во зачувувувањето на многу кревкиот мир кој го имаме во државата, а исто така секое парче оружје што ќе биде помалку во рацете на оние кои го употребувале, ќе биде секако корисно за безбедноста на државата.

Јас, кога го разгледав овој предлог ми изгледаше многу прифатлив и секако ќе го прифатам и ќе гласам за овој предлог, меѓутоа, кај мене постои недоверба околу ова што пред малку го изложив односно колку акцијата за

собирање на ова нелегално оружје ќе биде успешна. Јас мислам дека сите ние по донесувањето на овој закон ќе треба не само да го изгласаме, меѓутоа, да работиме и на полето на едуцирање на населението доброволно да го предадат оружјето, каде би се вклучиле сите ние како пратеници, каде би се вклучиле локалните фактори, а исто така би се вклучиле и медиумите на некој начин да го разбиеме стравот кај поседувачите на оружјето тие доброволно да дојдат и да го предадат, бидејќи мислам дека постои страв дека ќе бидат казнувани.

Јас мислам дека нашите заложиби по изгласувањето на овој предлог закон треба да бидат насочени токму во оваа насока околу сензибилизирањето на луѓето доброволно да пристапат кон акцијата на предавањето на нелегалното оружје кое секако ќе значи зголемување на безбедноста во нашата држава.

Јас не би должела многу, бидејќи повеќе работи се веќе кажани и во името на Либералната партија би кажала дека ние ќе го подржиме овој закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Се смеам затоа што неколку пратенички групи по три - четири во име на групата се изјаснуваат.

Има збор Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ние веќе кажавме дека како пратеничка група ќе го подржиме предложениот закон, значи јас сум петтиот изгледа до сега, но сакам да истакнам некои други аспекти околу предложениот закон особено инспириран од денешното обраќање на министерот за внатрешни работи.

Прво, бев изненаден што кога беше седницата за одбрана и безбедност кога се разгледуваше предложениот законски текст од страна на предлагачот, Министерството за внатрешни работи беше претставено со присуството на државниот секретар, а сега кога амандмански се интервенира ете Министерството за внатрешни работи реши тоа да го направи лично преку првиот човек на Министерството за внатрешни работи. Сметам дека поприфатливо ќе беше министерот за внатрешни работи да учествуваше во работата на Комисијата за одбрана и безбедност кога се рзагледуваше предложениот законски текст во целост, а не само за амандманската интервенција.

Дилемите кои ги кажавме на тогашната расправа на Комисијата за одбрана и безбедност се сведуваа повеќе или помалку на следново.

Вообичаено е да се излегува со одредени претпоставки иако низ дискусијата повеќето од нас се согласија дека нема да калкулираме со бројки, на инсистирање од претставникот на Министерството за внатрешни работи, од државниот секретар. За жал јас морам и овде да истакнам дека единствена бројка и тоа од највисоко лице на државната администрација, тоа е шефот на македонската дипломатија, госпоѓата Илинка Митрева оперира со една бројка која е многу голема. Таа истакна дека во Република Македонија најверојатно има околу 500 до 600 илјади парчиња оружје. Потоа имаше мало реферирање на одредени семинари, за жал тие беа од затворен тип, се одржаа некаде пред неполни два месеца, се дојде до некаква реална претпоставка дека станува збор за 50 до 60 илјади оружје, зборувам за бројот на цевките, не зборам за бројот на експлозиви, рапрскувачки и слични направи, туку зборувам само за оружје, така да реално би било најверојатно да очекуваме одреден успех кој ќе следи по завршувањето на целата операција, ако успееме да собереме околу 20 илјади парчиња оружје.

Она што како забелешка беше истакнато на комисиската расправа е токму во делот кој се однесува на легализација на оружјето. Значи граѓани кои сега имаат кај себе оружје стекнато по нелегален пат имаат можност истото тоа да го легализираат. Поприфатливо за нас би било ако Владата истапеше со истиот законски предлог, но паралелно со оваа постапка за Законот за собирање на нелегалното оружје Владата да излезеше и со закон за оружје. Значи да биде дефинирано во законот за оружје, се знае што ќе биде дефинирано (условите и каков вид на оружје граѓаните на Република Македонија можат да набавуваат и евентуално истото да го поседуваат и да го носат). За жал освен ветувањето од државниот секретар и од министерот за внатрешни работи дека веќе се преземени одредени активности во насока на зајакнување на мерките и санкциите против лицата кои во иднина ќе бидат затечени дека на нелегален начин дошле до оружје, Владата наскоро ќе излезе со законски текст. Претпоставувам дека тоа ќе биде закон за оружје за кој што уште од сега се најавува деа ќе биде максимално ригорозен. Не ми е јасно дали работната група во Министерството за внатрешни работи ќе ги има предвид искуствата на земјите членки на ЕУ и процентот кој што се наоѓа по жител во земјите на ЕУ. Се надевам дека сето тоа во МВР ќе биде разгледано и соодветно на тоа ќе се прави разлика меѓу лесно оружје и она што спаѓа во арсеналот на воено оружје. Во сите земји каде што е регулирано ова

прашање ако кај лица се пронајде нелегално воено оружје сакнциите и казните се максимални и далеку далеку поригорозни отколку ако се најде друг вид на оружје кое не потпаѓа во арсеналот на воено оружје или пешадиско оружје.

Исто така една од основните забелешки во целата оваа атмосфера е да не се случи овој закон да биде, се плашам од одредени дискусии кои се слушнаа и тогаш и сега, оставен да биде спроведуван од страна на работниот народ и граѓаните на РМ. Мислам дека од таа стапица сите треба да бидеме максимално внимателни и да не дозволиме едно такво еуфорично расположение затоа што ова е сериозна проблематика и веруваме дека и Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана разговараат со експерти, располагаат со човечки капацитети оваа операција да се изведе на начин како што треба, без притоа да биде потребна атмосфера на поддршка на овие или оние. Поддршка од Собранието на РМ, политичките партии, невладините здруженија се знае до каде може да има, а од каде понатаму обврската останува на извршната власт.

Исто така една од забелешките е дека не би сакале овој закон да го сфатиме како немоќ на Владата на РМ, иако и на една од комисиските расправи и за ова стана збор. Како немоќ на Владата на РМ да го оствари уставно-правниот поредок на целата територија на Република Македонија и да овозможи безбедно враќање на бегалците во нивните живеалишта.

Значи сите овие параметри треба да бидат сериозно сфатени. Не во законска интервенција во оваа фаза, затоа што нема што многу да се интервенира, не се ни интервенираше во содржината на текстот, туку повеќе се интервенира и се предупредува за текот на операцијата како таа ќе биде изведена, иако лично мислам дека почнувањето токму сега можеби и не е најсоодветниот временски период. Можеби Владата можеше да стори напори тој да почнеше барем два-три месеци порано, а не сега.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Искрено кажано не мислам да учествувам во оваа расправа, меѓутоа последните дискутанти кажаа нешто поради што морам да се вклучам во расправата.

Имено, за разлика од оние помалку плашливи тонови околу спроведливоста или неспроведливоста на законот, а доаѓајќи токму од загрозените региони и места,

јас сум длабоко уверен дека овој закон е вистински и до крај ќе биде спроведен. На тоа ме натереаа и оптимистички да дискутирам неколку причини.

Прво, навистина сметам дека приодот на законот за доброволно собирање на оружјето, муницијата и експлозивните направи, како и за легализацијата на оружјето е направен во една навистина одлична форма. Истиот е краток и јасен. Се тргнува од доброволноста како прв стадиум на собирање на илегалното оружје.

Она што посебно ме радува, тоа е втората фаза каде што Владата, според мене ќе ја одигра клучната улога, првата треба да ја одигра Собранието, граѓаните, медиумите и тн., а тоа е со самите измени на Кривичниот законик и Законот за носење и поседување на оружје, кои се најавуваат навистина ќе ја спроведе токму применливоста на првиот закон. Така активно ќе бидат вклучени сите чинители, и Собранието и Владата и граѓаните и медиумите во практичното спроведување на вој закон.

Меѓутоа, она што досега никој не го истакна е тоа што една од институциите која активно треба да се вклучи во спроведувањето на овој закон е претседателот на Република Македонија. Значи, јавно го повикувам и претседателот на РМ по втората ваза, откако ќе заврши доброволното предавање на оружјето, потоа откривањето на оние чинители односно граѓани кои нема да го предадат доброволно илегалното оружје, се надевам дека претседателот на РМ нема да го злоупотреби членот 11 од Законот за помилување и конечно законитоста во овој случај ќе победи.

Во однос на претставување на законот не се согласувам со мислењата на последниот дискутант. Мислам дека и државниот секретар на МВР и министерот кој е присутен на денешната седница, а присуствуваше и на Комисијата за одбрана и безбедност одлично го презентираа законот и лично сметам и се надевам и верувам дека законот навистина овој пат во целост ќе се спроведе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повторно се јави Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Претпоставувам дека повеќе или помалку свесен има информации што се расправаше и на Комисијата за одбрана и безбедност и денес кога имаше амандманска интервенција и кога се разгледуваше предложениот амандман. Верувам дека ги следел излагањата на повеќето пратеници од редот на ВМРО-ДПМНЕ, а тој го издвои моето, или сакал една јасна инстикција меѓу она што тој мисли дека го сфатил и јас што навистина го говорам. Тоа е следното.

И на комисијата и сега јас максимално давам поддршка на овој закон. Се разбира со тоа што ќе изразам одредени дилеми не значи дека не го поддржувам овој закон. Напротив дилемите и тогаш и сега ги искажувам во насока кога ќе дојде момент за тој да се операционализира. Значи како ќе тече спроведувањето на законот и како ние како политички фактори со своето однесување ќе предизвикаме одредена атмосфера во РМ. Таа може да биде добредојдена за спроведување на мерките од овој закон, или да биде контрапродуктивна.

Се задржав и тогаш и сега на вториот дел, на опасноста со нашето однесување да предизвикаме контрапродуктивна атмосфера, а тоа е ако премногу зборуваме а многу малку правиме за овој закон да профункционира, односно да се спроведе.

Јасно ми е дека не треба да негуваме некакви илузии дека незнам што се ќе се собере од страна на органите кои ќе ја спроведуваат оваа операција.

Основна забелешка си го задржувам правото да биде дека можеби најдобро ќе беше Владата да излезеше паралелно со предлог-закон за оружје и со измените во Кривичниот закон а не да остане тоа за некое идно време. Мислам дека еден пакет мерки од таков вид би биле најсоодветни и далеку подбро би се одразиле во јавноста и би можеле сите ние да го дадеме својот придонес.

Но, не се согласувам, кажав и на Комисијата, дека операцијата треба однапред да ја прогласиме успешна или неуспешна. Секој со своето дејствување треба да придонесе за успешноста, но и инсистирам да се знае одговорноста на секој чинител во сета оваа операција. Не може да се очекува да се однесуваме како колективно тело, а потоа сите да ги сносиме или резултатите од успехот или од евентуалниот неуспех.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам да го истакнам моето видување за значењето на овој закон. Сметам дека овој закон претставува пред се политичка порака што сите ние ќе им ја испратиме на лицата кои поседуваат нелегално оружје, на лица кои не поседуваат меѓутоа се чувствуваат загрозени од ваквото нелегално оружје, како и на оние кои

посегнаа по нарушувањето на јавниот ред и мир со сите видови на оружје со кои што тие располагаат.

Исто така, сакаме преку овој закон да испратиме порака дека Собранието има волја и знае да влијае со позитивни мерки, со донесување на вакви закони, така што го поздравувам предлогот дојден од МВР, преку Владата до Собранието, со цел навистина да се искаже нашата волја за целосно надминување на состојбите во кои што се најде нашата држава после настаните од 2001 година. Оваа порака особено треба да стаса до жителите на кризните подрачја што директно влијае за стабилизирање на оваа состојба, особено имајќи го предвид фактот дека после 15 септември, односно после формирањето на новата Влада политичките претставници на ОНА преку политичката партија на ДУИ се дел од владеачката коалиција. Имајќи го предвид нивното влијание и нивниот авторитет меѓу жителите на овие кризни подрачја, дека тие ќе направат се што е во нивна моќ за да се реализира и спроведе овој закон.

Очекувањата од овој закон треба да бидат јасно искажани и од страна на Владата, меѓутоа и од страна на претставниците на политичката партија ДУИ кои треба јасно и гласно да застанат зад реализацијата на овој закон.

Со предлагање на овој закон неминовно се наметнува еден заклучок дека навистина постои вакво нелегално оружје, со тоа што неговото постоење автоматски значи потврдување на кревката безбедносна состојба во која што се наоѓа Република Македонија,што како таква еден подолг период наназад се карактеризира и се нарекува од страна на релевантните фактори од државата, меѓутоа сметам дека без да се надмине оваа кревка безбедносна состојба, ние само ќе ја покажуваме немоќта за брзо враќање на безбедноста во кризните региони што индиректно имплицира на многу проблеми што ги имаат голем дел од населението во нашава држава. Не зборувам само за економска стабилизација на државата, туку пред се за враќање на лицата кои беа насилно протерани од своите домови, а и ден денес не можат да се вратат во нив.

Како Собрание направивме напори да го актуелизираме ова прашање и сметам дека со донесувањето на овој закон, навистина, ќе дадеме мал придонес во реализацијата на тие процеси.

Меѓутоа, факт е и нешто друго дека времето работи на штета на тие лица, затоа што условите во кои што тие живеат и начинот на кој што ги поминуваат деновите, навистина не претставува нормален начин на живеење. Од тие причини сметам дека треба ефикасно и брзо да се дејствува во оваа насока, не само со

собирање на нелегалното оружје што го поседуваат жителите на овие кризни подрачја, туку и за сите други мерки што ќе значат надминување на кревката безбедносна состојба и создавање безбедносни услови што ќе значат стабилизирање на државата во целина и надминување на времињата во кои што безбедносната состојба би можеле да ја наречеме кревка.

Исто така, на мислење сум дека МВР и Владата треба целосно да ја преземат одговорноста за реализација на целите што треба да се постигнат со овој закон, затоа што навистина целите се позитивни. Како што кажав и пред малку, со реализацијата на овој закон ќе се даде јасен сигнал до сите жители на Република Македонија дека Македонија запливува во помирни води, а преку количеството на оружје што ќе биде собрано преку легализација на она оружје што од најразлични причини не било до сега легализирано, сметам дека тој знак ќе пристигне до сите граѓани на нашата држава, а истовремено ќе се покаже волјата за соживот помеѓу етничките заедници, што треба да биде искажана пред се од албанскиот фактор во овој момент.

Со предлагањето да се формира некакво координативно тело што е доставено до нас, сметам дека се бара начин да се префрли голем дел од одговорноста за реализација на целите на овој закон на Собранието на Републиа Македонија. Начинот на кој што е тоа направено сметам дека требаше да биде многу поадекватен и многу покоординиран помеу сите пратенички групи, а пред се со претседателот и членовите на Комисијата за безбедност и разузнување.

Во однос на присуството на полицијата во кризните подрачја, сметам дека е тоа битен фактор што ќе овозможи реализациа на собирање на нелегалното оружје. Меѓутоа, тоа присуство не треба да биде само од формален аспект, туку реално, вистинско, со спроведување на целиот капацитет на надлежности што ги има МВР и со санкционирање на сите оние кои ќе се оглушат од спроведувањето на овој закон, односно со целосно спроведување на Кривичниот закон во Република Македонија во однос на она што нема да може или нема да се сака од некои лица да се предаде како нелегално оружје.

Волјата е јасна. Политичката порака е исто така јасна. Ја искажувам мојата поддршка на овој закон, исто како што во претходните дискусии ја искажаа поддршката останатите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Ако никој друг не бара збор, господинот министер сакаше да се обрати.

Повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Најнапред би сакал да се заблагодарам на сите пратеници и политички партии што, независно од определени мали разлики и аргументи што ги искажуваа, фактички дадода поддршка на донесувањето на овој закон. Се надевам дека при самото гласање нема да биде како со иницијативата за измена на Уставот кога сите даваа поддршка, меѓутоа гласањето на крај покажа некое друго гласање.

Јас накратко само би сакал да Ви кажам,а да ве израдувам, да Ви кажам дека Владата во понеделникот повторно ја утврди иницијативата и ќе ја достави до Собранието за измена на член 17 од Уставот, затоа што нема временски ограничувања, кои што Владата може тоа да го поднесува. Меѓутоа, околу овој закон, факт е дека во Македонија постои нелегално оружје. Факт е и она што го гледаме дека ни се случуваат неделно, некогаш и дневно убиства на повеќе места и тоа убиства и со легално и со нелегално оружје.

Според тоа, основната ориентација е да се обидеме да го намалиме бројот на оружјето во Република Македонија, за да немаме случаи на убиства, насилни убиства во фамилии, на јавни места итн. Ако имате можност да ги видите тие билтени, се повеќе во последно време кај убиствата не е прашањето на убиства по основ на меѓунационални основи, туку, токму напротив, во реонот на Тетово, Куманово итн., имате убиства каде што Албанецот е и убиец и жртва, и во други региони каде што Македонецот е и убиец е и жртва.

Според тоа, не треба да е националната припадност во прашање околу потребата за елиминирање на оружјето.

Јас би сакал, да посочам дека затоа што овде се оперираше со разлилчни бројки и претпоставки. Прво и во самите дискусии беа спомнати рамки на бројка од 50 илјади до 600 илјади оружје. Според тоа, овде основно е принципот да можеме да утврдиме бројка ниту некој во МВР досега не оставил проценка на реално присутно нелегално поседување на оружје. Она што Министерството може да каже точно колкав број на легално издадено дозволи, кои се издадени од МВР и ги има и околу таа бројка можеме да бидеме до една бројка точни. Веќе беше и во минатите дискусии во Собранието на пратеничките прашања беше одговорено дека само во последните четири години на пример има повеќе од 22 илјади дозволи за поседување на оружје издадени а и тогаш спомнавме дека фактички над 4 илјади и

нешто дозволи, се дозволи издадени на лица кои во тој период не ги исполнувале законските услови да го поседуваат. Меѓутоа, сега во овој момент имаат дозвола која што е предмет на работа на управна постапка итн.

Според тоа, овој закон базира на принципот на доброволност и не можеме да кажеме дека успешноста негова ќе зависи која е таа бројка што денеска ќе ја кажеме, дали се тоа 3 илјади, дали се 5 илјади, 50 илјади итн. Не е основното прашање успешноста. Успешноста можеме да ја базираме на мерливи критериуми. Не е основното прашање на одговорноста. Тоа е најлесно прашање на одговорноста, дали за тоа ќе одговара министерот за внатрешни работи, за надворешни, некој што дал таква изјава, или министерот за одбрана, тоа е најлесно да кажеме да. Еве ако нема 50 илјади паржиња, ќе ги смениме министрите. Поентата е токму затоа им благодарам на пратениците, кои ја изразија својата спремност за практично работење и на теренот. Ова не е работа само на извршната власт. Да беше само на извршната власт беше спомнато и сега не треба да се носи нов кривичен закон за оружје. И сега тие закони постојат. Зошто во 2000 година не се спроведуваа. Зошто во 2001 година не се спроведуваа, кога одеднаш сега измислуваме топла вода. Меѓутоа, принципот е принципот да ја дадеме последната шанса, уште еднаш сега и ќе спомнам, принципот на доброволност во предавањето на оружјето. Меѓутоа, таа доброволност, сакам јасно да ви кажам ова е прв и последен закон кој што Владата ќе го предложи во оваа смисла на доброволно предавање на оружјето. Ваква акција дополнително нема да има. И токму тоа е прашањето околу која би била мотивацијата за предавањето на оружјето.

Значи, мотивацијата на предавање, или на легализирање на оние што ќе ги исполнат законските услови со оваа акција е токму со тоа што им се дава можност, на еден начин амнестија, тоа што досега го имаат нелегално да го легализираат, доколку ги исполнуваат условите, меѓутоа, второто е она што се вели стапот, тоа е фактички прашањето дека секој кој што нема да ја искористи оваа акција, нема да има друга и ќе биде подложен на санкции кои потоа ќе следат.

Според тоа, Владаа нема намера дај предлага друга акција да биде јасно и за пратениците и за македонската јавност и за оние кои што ќе учествуваат од аспект на давањето на оружје, дека друга ваква шанса нема да има. Кој ќе го предаде во оваа акција ќе го предаде, кој не следуваат санкции според кривичниот закон и Законот за поседување на оружје. Измените на Кривичниот закон, иако и во сегашниот Кривичен закон, постои фактички санкција за нелегално поседување на оружје. Меѓутоа, Владаа во оваа насока оди со зголемување на казнените санкции

во тој дел и тој закон ќе биде во понеделник на седница на Влада, па ќе биде доставен до Собранието и на измени на Законот за носење и поседување на оружјето. Измените во повеќе наврати спомнав во Законот за поседување и носење на оружјето ќе бидат во таа насока дека се униформираните лица од страна на полицијата и МВР, одбрана, односно Армијата. Никој друг во РМ, нема да има право на јавни места да поседува, односно да носи оружје, туку единствено оние кои ќе ги исполнуваат законските услови можат да го чуваат тоа во своите домови.

Нашиот предлог е измената. Измената ќе биде брзо во Собранието. Значи наредната недела е пред Владата, меѓутоа, новите одредби зајакнатите казнени одредби, во тој дел и новиот механизам околу законот за поседување и носење оружје ќе важат после донесувњето, после примената на овој закон за доброволното предвање на оружјето. Меѓутоа, да биде јансо значи нов ваков закон, нема пролонгирање на рокови, нема да има нова акција. Кој ќе ја искористи оваа шанса ќе ја искористи, кој не ќе биде предмет на санцкиите кои што потоа ќе произлегуваат од Законот и тоа независно на кој дел, на која националност, некој припаѓа.

Би сакал само да кажам дека следејќи ја дискусијата што ја имаше во значаен дел од Комисиите Владата деновиве после понеделничката седница поднесе фактички и амандман на членот 4, кој што фактички се однесува на составот на координативното тело. Уште еднаш да потенцирам, за мене не е основното прашање на колкав број оружје ќе добиеме, па да oцениме дека тоа ќе биде успешно. Не е основното прашање, дали некој ќе ја префрлува на некој одговорноста или не. Секаде во светот, секаде каде што вакви акции се организираат и во координативните тела, ние не сме го извадиле на памет составот на координативното тело, секаде каде што вакви акции се спроведуваат, секаде најголемите авторитети и од јавниот живот и од политичкиот живот учествуваат во спроведувањето на акциите. Овде беше спомнато околу медиумската кампања. Кај нас веќе една група работи, да ви кажам дека сите јавни личности се предвидени во таа медиумска кампања кои учествуваат и од албанскиот дел и од македонскиот дел, учествуваат со свои спотови и изјави и секој ќе го тераме оној кој што сака да даде свој придонес од аспект на бесплатно учество во таа кампања.

Според тоа, не се работи овдека дека некој на некој му префрлува одговорност. Токму напротив, се работи дека сите сили, сите политички партии, треба нешто да направат за да се оценува на крај примената на законот ако биде успешна.

Затоа, би сакал само пред пратениците да образложам дека имајќи ги предвид и дискусиите од Собранието, ние предложивме нов амандман за составот на координативното тело, со што фактички координативното тело се проширува на 11 члена, со тоа што во неговиот предлог се предлага да влезе во координативното тело и заменикот претседател на Владата, наместо досегашните два да бидат 4 пратеници, и сите поголеми политички партии, кои што имаат претставици во парламентот да учествуваат во тоа координативно тело и дури предлогот, односно идеата на Владата е токму аргументирана во тој дел, независно што ДПА не учествува во работата на Собранието, во секој случај мислам дека реално ќе ја оценат потребата тие барем да учествуваат во координативното тело, за и тие на теренот да дадат свој придонес, околу спроведувањето на овој закон.

Според тоа, уште еднаш да им се  заблагодарам на сите оние, а уште еднаш ќе напомнам дека координативното тело за разлика од претходното кој што имаше претставници од Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана ќе има членови во координативното тело, со новиот амандман фактички е предложено тоа да биде самиот министер за внатрешни работи за одбрана, за правда и оние што беа од заедницата на локалната самоуправа од здружението на граѓани, или од невладините организации.

На крајот, уште еднаш им благодарам на оние пратеници на политичките партии кои дадоа поддршка за донесување на законот и особено оние кои изразија спремност за ова прашање да го искористат целокупниот свој авторитет и помош во практичната примена на законот на терен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине пртседателе, почитувани колеги пратеници,

Без оглед на недостаток  на еден поголем оптимизам околу дејствувањето на овој закон, јас сметам сепак дека  е добар вој закон и треба да го поддржиме како што рече и госпоѓата Валчевска, нашата пратеничка група го поддржува.

Јас не би ссакал да се повторувам со тоа што беше овде кажано, само сакам еден аспект да истакнам. Ние сите, најголем дел од говорниците овде апелираа кон тоа пратениците да се заложат да се собере оружјето, јавните личности да се заложат да се собере оружјето, партиите да се заложат да се собере оружјето, медиумите и така натаму, што е се во ред.

Исто така, јас го поддржувам овој принцип на доброволност и анонимност на оној кој го дава оружјето, меѓутоа предлагам Собранието да заклучи, односно да донесе еден заклучок дека пратениците  кои имаат непријавено оружје, ќе го предадат и за тоа јавноста ќе биде известена. Мислам дека тој личен пример на пратениците кои имаат оружје непријавено, а ја користат оваа прилика да го предадат, многу ќе делува на граѓаните, кои едноставно,  бидејќи веројатно меѓу нив ќе има кои се колебат дали да го предадат оружјето. Дали да ги охрабриме граѓаните, а верувам има министри кои имаат непријавено оружје , нека јавно го дадат, нека кажат дека го предале, да се знае дека никој натаму не мисли со нелегално оружје да се брани ни на пратеничко место, ни на министерско место, што ќе му е непријавено оружје.

На тој начин, ќе ја засилиме целата оваа акција и луѓето кои имаат непријавено оружје, а можеби и се колебат , заради тоа што не им е јасно какви последици би имале ако се дознае дека го даваат или се токму тие, па затоа не го предаваат, тие ќе видат. Бидејќи министер, пратеник го дава оружјето или не му е гајле, нема одговорност, навистина законот делува. Така што предлагам да донесеме еден таков заклучок за сите овие што се во власта, да биде тоа јавно предавање и јавноста да знае дека го предале веќе оружјето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор. Го заклучувам претресот. Господине Андов ако сакате да предложите заклучок, ве молам писмено да го предложите согласно деловникот.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако е така тогаш дајте пауза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пауза не можам да дадам, ако имате идеја.

СТОЈАН АНДОВ:

Да го напишам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го имавте 20 дена  законот во рака, сега ви текна на крајот. Што да ви кажам јас.

Заклучокот го ставам на усвојување. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи за легализација на оружјето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 гласале за и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ, поднесе амандман за менување на член 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 12, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани за менување на член 4, член 10 став 1, член  10 став 3, член 10 став 4, и член 11 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 7 став 1, и на член 7 став 6, по кој Владата не се произнела.

Дозволете да ја повикам Владата во иднина да го почитува фактот дека комисиите на Собранието се работни тела на Собранието и дека ако на комисиите има само повереници, кои не можат по амандманите да се произнесат, тогаш ние практично целата работа повторно ја враќаме на Собранието и за оние амандмани за кои Владата ги прифаќа.

Затоа е подобро претставници на Влдата, министер или заменик да присуствуваат на работните тела. Инаку, е безполезно, ние повторно ги дебатираме амандманите тука и практично работниот карактер на работните тела се губи, не може да се усогласиме исто со луѓе кои во извештаите кажуваат дека Владата дополнително ќе ги гледа.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 5 став 1, на член 6 став 1 и 2, член 10 став 3, член 11 за менување на став 4, и на член 12.

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Тој амандман не е прифатлив за Владата и затоа фактички денеска имавме од страна на Владата кој е предложен и кој е составен дел на предлогот на законот. Останува на предлогот на Владата по член 4.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на тоа дека се работи за истиот член и Комисијата останува на својот амандман.

Прво дали некој бара збор, по амандманот на Комисијата за одбрана.

Има збор г-динот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас сакам само да појаснам во што е суштината.

Имено, станува збор за институционализација на носителите на државната власт. Точно се определени во Уставот надлежностите на носителите на извршната власт и носителите на законодавната власт. Овдека во овој член 4 кога станува збор за координационото тело, што треба да ја координира но одредува целокупната оваа активност се претставени луѓе и од Законодавната и од извршната власт. И одредени луѓе и од четвртата димензија на власта, локалната власт, одсуствува само претставници на судската власт , па да биде комплетно.

Бидејќи овдека се претставници и од невладини организации, од министерства, пратеници итн, мислам дека не е до крај консеквентно извлечена надлежноста на носителите на законодавната и носителите на извршната власт. Поради тоа, Комисијата за одбрана и безбедност предложи амандман да се овласти Комисијата за избори и именувања да предложи состав на координационо тело, кое ќе биде составено од компетентни и авторитетни личности, меѓутоа, само во рамките на надлежностите на извршната власт и на носителите на законодавната власт. Сметаме дека како што е поместено во членот 7 дека ова координационо тело ќе ја координира и ќе соработува со комисиите кои директно ќе го соберат оружјето на терен, упатува на фактот дека ова парекселанс е извршна функција и дека таа треба да си остане во рамките на Владата да ја спроведува до крај акцијата, а

Собранието во рамките на своите законодавни и контролни функции да формира тело кое што ќе контролира како се спроведува акцијата на терен од страна на комисиите, односно директните извршители.

Поради тоа и на Комисијата и предложивме таков амандман и сметавме дека ќе дадеме малку поголем маневарски простор за да може да седне Комисијата и да предложи претставници од сите политички апртии, невладини организации, локална самоуправа, а Владата да си ја врши својата работа.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 23 гласале за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандмнаот на член 10 став 1 поднесен од Комисиајта за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Се прифаЌа овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 3 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман е неприфатлив зтоа што сметаме дека се работи за уништување на оружјето, независно од извештајот што ќе биде, роковите не треба да се менуваат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Џафери Телат.

ТЕЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Во работата на Комисијата за одбрана, но и сега ќе се обидам да го искажам ставот дека овој амандман треба да се подржи од причина што со навлегувањето во овој амандман јасно се делат работите или дејствувањата, активностите, на две спротивставени активности.

Станува збор за следново, во членот 7 се предвидуваат активности за собирање на оружје, муниција и експлозивни материи, активнсот што фактички треба да заврши со извештај на координативното тело. Тоа максимално значи 90 дена.

Да објаснам. 45 дена за собирање, 15 дена за извештај на регионалните комисии и максимално 30 дена за извештај на координативното тело до Парламентот. Фактички, дејствувањето, собирањето на оружје завршува со извештај на Координативното тело. По што треба, врз основа на член 10, да започне активноста за уништување на оружјето. Според формата што се предлага од страна на Владата, се подразбира дека активноста за уништувањето на оружјето треба да започне по 45 дена , кога завршува рокот на техничкото собирање на оружјето. Така Што согласноста на две спротивставени активности, мислам дек ане е оправдано, бидјеки ние како Парламент, со извештај на координативното тело што ние го формираме вршиме и контрола над работата на извршната власт.

Верувам дека ова ќе биде правично разбрано и ќе надвладее поделба на конкретни активности што се во спротивставеност или пак евентуално се спротивставени.

Повеќе не сакам да објаснувам, бидејки за овој член е предложен амандман од Законодавно-правна комисија, што е во спротивност со ова што е како предлог на Комисијата за одбрана.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејки никој друг не бара збор, го заклу!чувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 67 пратеници, 13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собраието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмнаот на член 10 став 4 поднесен од Комисиајта за одбран аи безбедност.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

И овој амандман се прифаќа .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

И овој амандман се прифаќа .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Збор бара господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Овде се зборува дека акцијата треба да биде, има мислење дека акцијата треба да биде во позбиени рокови, а со оглед дека има и други рокови што може да ја пролонгираат акцијата, во функција на тоа го повлекувам амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманто е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 6 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман не е прифалив затоа што не навлегуваме во тоа како Собранието ќе си даде оценка, не навлегуваме во начинот на работа на Собранието. Според тоа самото подготвување на извештај внатре подразбира и техника каква оценка ќе се има. Според тоа, за да не навлеземе во техниката на работење, мислиме дек ане треба да се прифати амандманот.

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Во смисла на тоа д асе создаде една обврска, исто така се согласувам со министерот дека техниката на рабоа ја подразбира методологијата да Собранието на крај даде оценка. Меѓутоа, исто така сметам дека Собранието, што е инволвирано, не само во донесување на закон туку и во спроведување на акцијата, треба да го даде завршниот збор, односно да има обврска да ја оцени оваа активност па од овие причин го предлагам амандманот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејки никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 21 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 поднесен од Законодавно-правна комисија .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од Законодавно-правна комисија .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Се прифаќа и овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 3 поднесен од Законодавно-правна комисија .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Господине Костов дали го прифаќате овој амандмна?

ХАРИ КОСТОВ:

Да, ова е истото, член 10 став 3, овој амандман од Законодавно-правна комисија е прифатлив за Владата. Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи амандманот е составен дел на предлогот назаконот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 4 поднесен од Законодавно-правна комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Да, и овој амандман се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од Законодавно-правна комисија .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

И овој амандман се прифќа .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Има ли некој поднесок во архивата или не?

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Пратеникот Стојан Андов интервенира од место дека треба да се расправа по неговито поднесок).

Ќе дојдеме на тоа ког аќе го достават.

Констатирам дека никој не бара збор.

бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ќе гласаме за законот одделно, за заклучокот одделно. Тој не може да биде составен дел на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 69 гласале за, 2 се воздржале од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето.

Пред да прекинеме, ќе ве замолам да почекаме, има предложено заклучок од пратеникот Стојан Андов.

Молам, стручните служби да информираат до каде е стасано со заклучокот, се множи?

Уште не е потпишан.

Ја прекинувам седницата, затоа што ќе треба да чекаме 15-20 минути, а по заклучокот и другиот дел од седницата ќе продолжиме наредниот пат.

(Пратеникот Стојан Андов интервенира од место дека сега е потпишан поднесокот).

Сега сте го потпишале?

(Пратеникот Стојан Андов одговара потврдно).

Ако сега сте го потпишале, треба да оди во архива па на множење.

Ќе продолжиме со заклучокот, не е проблем, на продолжението на седницата.

Продолжуваме во петок во 10, 00 часот, таму каде што застанавме.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).